СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од 76-тата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 25 септември 1997 година

Скопје, септември 1997 година

**76 (СЕДУМДЕСЕТ И ШЕСТА) СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 25.IX. 1997 ГОД.**

ДНЕВНИОТ РЕД СЕ НАОЃА НА СТР.4

1. АБДИ ФАИК 11, 12, 55
2. АРСОВСКИ БРАНКО 37, 61, 68
3. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР (потпретседател во владата) 10, 19, 21
4. БАЈРАМ АМДИ 142
5. БЕЛИЧЕВ ЉУПЧО 98
6. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР 15
7. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 68
8.ЗИБЕРИ НАСЕР (министер за труд И социјална политика) 27, 65, 66, 73, 79, 87
9. ИВАНОВСКИ АЛЕКСАНДАР 130
10. КУЉАН РАТКА 41, 42, 72
11. КАРОВ ЗВОНКО 94
12.КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН 143
13. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 44
14. МИН0В ПАНЧО 77, 79, 81, 82, 89
15. МЕШК0В ЉУПЧ0 85
16. МИТЕВСКИ ДРАГН 102, 115
17. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ 138
18. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 12, 13, 17
19. НИКОЛОВ ЈОВАН 70
20. НАЧЕВСКИ МАРЈАН 73
21. ПЕТКОВСКИ ТИТО (ја води седницата) 1
22. ПОПОВСКИ ЛУБОМИР 109
23. РАМАДАНИ САЛИ 6, 9, 131, 132, 138, 140
24. РАМАДАНИ ХИСЕН 10, 57, 59
25. РАМАДАНИ ИСМЕТ 20
26. РУЖИН НАНО 35, 80
27. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР 28, 47, 67, 74
28. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 49, 51, 91
29. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 67
30. СПАС0В ЃОРЃИ (министер за правда) 96, 97, 108 ,109, 110, 111
31. ТОДОРОВА СОФИЈА (министер за образование и физ. култура) 3
32. ТАНТАРОВ ВЕЉО 22, 45, 48, 68, 71
33. ТРПЕНОВОКИ ДИМИТАР 86
34.ЧАП0В СЛАВЧО 32, 35, 63, 75
35.ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ 23

Т. 1-стр.23; Т.13-стр.25;
Т.2-стр.26; Т.3-стр.95;
Т. 4-стр.111; Т.5-стр.119;
Т.6-стр.120; Т.7--стр. 122;
Т. 8-стр.123; Т. 9-стр.126;
Т. 10-стр.127; Т. 11-стр.128;|
Т.12-стр.129;

ОЕДНИЦАТА ПР0Д0ЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛБШКИ

## од 76-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 септември 1997 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 11,30 часот.
Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам 76-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благоја Стојковски, Бранирод Михајловски, Борис Костаќев, Ристо Марковски, Драган Георгиев, Борис Павлов, Атанас Вангелов, Никола Поповски, Блаже Филиповски, Теодосие Паунов, Ристо Николовски, Зоран Шапуриќк и Наум Симјановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Дозволете ми во ваше и во мое име да му го честитам роден-денот на пратеникот Љубомир Поповски и да му посакам добро здравје и успех во работата.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, народниот правобранител на Република Македонија.

Записникот од 67-та седница на Собранието ВИ е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот?

(нема).

I/2

Констатирам дека записникот од 67-та седница на Собранието на Република Македонија е усвоен без забелешки.

Пратениците Слободан Најдовски, Кире Видимче, и Наум Симјановски доставија предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови, со Предлог на закон и предлага тој да биде разгледан на оваа седница.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот ви е поделен.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (16 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (43 пратеници се воздржаа)

Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај меѓународното здружение за развој по договорот за кредит по проектот за санација на образованието.

Предлогот на овој закон ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

За збор се јави г-ѓа Тодорова, министер за образование.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Итноста на предложениот закон произлегува од фактот што веќе е донесена одлука за одобрување на овој кредит, кој по износ е релативно мал. Станува збор за 5 милиони долари. Доколку ние доцниме со повлекувањето на одобрените средства, треба да плаќаме дополнително 0,75% дополнителна камата.

Итноста произлегува и од фактот што е неопходно да се обезбедат и донаторски средства, зашто постојат сериозни шанси и тие активности треба веднаш да започнат.

Од друга страна најголем дел од овие средства се наменети за санација на училишта од основното образование, па и од тој аспект е добро средствата што побрзо да бидат ефективни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака?

55 пратеници гласаа за.

Дали некој има против? (не)

Дали има некој воздржан( 1)

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Пратеникот Аце Коцевски во име на пратеничката група на Либерално Демократската партија побара Владата на Република Македонија да подготви информација за изградба на железничката пруга од Бељаковце до границата со Република Бугарија.

Владата на Република Македонија достави информација за изградба на железничката пруга Куманово-Деве Баир, граница со Република Бугарија.

Информацијата Ви е поделена.

Кој е за предлогот оваа информација да се разгледа на оваа седница молам да крене рака?

12 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (9 пратеници против)

Дали некој се воздржува од гласање? (38 пратеници се воздржаа)

Констатирам дека Собранието не го усвои предлогот.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата, поднесе предлог на одлука за состав на Анкетната комисија за согледуваше на евентуалните пречекорувања на овластувањата по интервенцијата на полицијата во Гостивар на 9 јули 1997 година и предлага предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (42 пратеника гласаа за)

Дали има некој против? (4 пратеника против)

Дали има некој воздржан? (нема)

Очигледно дека некои од пратениците не гласале. Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за оваа седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија кај меѓународното здружение за развој по Договорот за кредит по проектот за санација на образованието,

2. Предлог на закон за социјална заштита,

I/5

3. Предлог за донесување на закон за избирачки места, со Предлог на закон,

4. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конзуларната конвенција меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија со Предлог на закон,

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за укинување на визи со предлог на закон,

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Меѓународната конвенција за заштита на уметниците изведувачи фонограмските продуценти и радио дифузните организации - Римска конвенција, со Предлог на закон,

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за соработка во областа на културата, образованието

и спортот со Предлог на закон,

8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за преземање на обврските и репрограмирање на долговите кон странство на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија, со Предлог на закон,

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спо-годбата за научно-техничка соработка меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Владата на Сојузна Република Југославија, со Предлог на закон,

10. Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Македонската Влада и Украинската Влада за трговска и економска соработка со предлог на закон,

11. Предлог за донесување на царински закон,

12. Предлог за донесуваше на закон за празниците на Република Македонија,

13. Предлог на одлука за определување на бројот на замениците на Народниот правобранител,

14. Предлог на одлука за состав на Анкетната комисија за согледување на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар на 9 јули 1997 година.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Господин Сали Рамадани има збор.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска во името на парламентарната група на Демократска Партија на Албанците предлагам и тоа под итно бараме информација од Владата на Република Македонија, поконкретно од Министерството за правда да поднесе информација во врска со противзаконското осудување на градоначалникот на општина Гостивар, г-дин Руфи Османи и претседавачот на Советот на општина Гостивар г-дин Рефик Даути. Значи, предлагаме денеска на оваа 76-та седница Собранието на

Република Македонија да ја стави на дневен ред, Владата да поднесе информација денеска усмено, и тоа како прва точка на дневниот ред да поднесе веднаш усмена информација во врска со противзаконското лишување од слобода, задржување во притвор, спроведување на кривична постапка, водење на главниот претрес и осудување на градоначалникот на општина Гостивар, г-дин Руфи Османи и претседавачот на Советот на истата општина г-дин Рефик Даути, дека истите се потполно невиновни. Тоа е под еден.

Второ, имено, иако двајцата највисоки функционери на локалната власт во општина Гостивар ги спроведоа на најдоследен начин уставните, законските и статутарните одредби, наместо да им се изрази признание, тие ги осудува Основниот суд од Гостивар на најдрастичен начин и без никаква правна основа на 13 години и 8 месеци, односно на 3 години затвор.

Трето, предлагаме Владата да се произнесе поради кои причини се прекршени нормативните одредби, т.е. зошто на ваков погрешен начин е применет членот 319, 387 и 317 од Кривичниот законик, т.е. повредена е материјалното и процесното право.

Четврто, од кои причини посебно на прво обвинетиот Руфи Османи му е скратено законското загарантирано право околу предлагањето и одбивањето на доказните материјали, за време на доказната постапка, како и оневозможување на доставувањето на истите поднесен] од обвинетиот и одбраната, те припремањето на завршниот договор како и епилогот на откажување на ополномошното од страна на одбраната.

Петто, бараме незаконско осудените функционери, господинот Руфи Османи градоначалник на општина Гостивар и Рефик Даути претседавач на Советот на истата општина да се прогласуваат без

одлагање како незаконско невиновни, додека судскиот совет, јавниот обвинител и неговиот заменик да се разрешуваат веднаш и да се покренува кривична постапка поради злоупотреба на службената должност против МН за вршење на притисок, како и против поттикнувачите и наредбодавците, како што е министерот за внатрешни работи Томислав Чокревски и неговата елита, вклучувајќи ги и непосредните извршители на кривични дела и тоа: убиство, убиство во обид, нанесување на потешки и полесни телесни повреди, кражба итн.

II/1 ЈМ/НД

**САЛИ РАМАДАНИ: (**Продолжение)

Тоа е прво. Под два, барам од Владата на Република Македонија посебно од страна на Министерството за надворешни работи Информација и тоа да се стави на дневен ред денеска во врска со досегашните преземени мерки и идните кои намеравaат да ги преземат во врска со погребот,односно пренесувањето на посмотумските остатоци на најголемата скопјанка на сите времиња Гоние Бојаџиу Мајка Тереза.

Прво бараме оваа Информација да се поднесе усмено веднаш на Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија за оваа голема неправда која им е нанесена на албанците и на Република Македонија бидејќи Мајка Тереза е наша најголема сограѓанка роден во Скопје 1910 година со потекло од Призрен, додека нејзините најблиски починаа во Тирана. Ова го предлагам поради следниве причини. На нејзиниот погреб во далечна Калкута Индија беше присутна и една службена делегација на Република Македонија и дали го поставувала ова прашање на какво ниво и каков одговор добила поради кои причини не е реагира] преку највисоките светски органи и организации и нас медиумите. Какв1 мерки ќе превземе Владата во иднина за да се разреши овој проблем бе: пролонгирање и без поголеми потешкотии. Дали Мајка Тереза има оставено аманет за нејзината последна желба каде би сакала да почива нејзиното тело.

Трето, после усмената информација да се достави и службен текст и да им се достави до сите пратеници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, претставник на Владата да се произнесе, овие два предлога на господинот Сали Рамадани.

II/2.-

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Според македонското позитивно законодавство Владата не може да навлегува во надлежностите на другите власти во Република Македонија како што во случајов се бара тоа да го направи со судската власт. Заради тоа Владата не прифаќа изработка на таква информација. Тоа е по првото барање.

По второто исто така не прифаќаме изработка на предложената информација. Ако господинот пратеник го интересира нешто што е во активноста и за активноста на делегацијата која што престојување во Калкута на погребот на Мајка Тереза тоа може да му биде задоволено со поставување на пратеничко прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Нема расправа. По деловникот не е дозволена расправа.

Кој е за предлогот на господинот Сали Рамадани на оваа седница да се поднесе Информација за осудувањето на градоначалникот на Гостивар и претседателот на Советот, молам да крене рака? (7пратеници)

Дали има некој против? (53)

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Господинот Хисен Рамадани бара деловничка интервенција.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитувани колеги, забележувам претседателот понекогаш го злоупотребува овој институт после изгласувањето со малку гласови на една одлука која се одбива да прашува кој е против, а повеќе пати тоа не го употребува. Констатира дека гласале 10 или 7, 8 и тогаш се утврдува дека Собранието не го прифати предлогот. Па не ми е јасно деловнички како е тоа, дали секој пат треба да се гласа за секој предлог кој што не

добил доволен број гласови и колку има против или тоа се прави само во одредени прилики. Па би молел едно деловничко толкување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Станува збор за рационално однесување. Инаку по деловникот треба секогаш да ве прашам кој е за, кој е против, кој е воздржан.

Молам, вториот предлог на господинот Сали Рамадани,, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1 пратеник)

Дали има некој против? (56 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници).

Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

Дали уште некој сака да предложи дополнување на дневниот ред.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри би барал од Владата на денешната седница, ако не може тогаш на една од наредните седници тоа што поитно да подготви информација за меѓунационалните, односно меѓуетничките односи во Република Македонија и како тие се остваруваат во однос на Уставот и меѓународните конвенции, односно меѓународните документи што ги потпишавме и преземавме.

И втора работа да ви кажам дека во месец февруари наместо претседателот на Собранието г-динот Тито Петковски бев во Румунија на еден состанок каде што присуствуваа 23 земји по прашањето на националностите и интересна работа Владата на Румунија има министер за етнички прашања, Министерство. Па би предложил да се расправа за оваа проблематика и по можност да има и Министерство за меѓунационални односи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ако можам да помогнам господин Абди, ние имавме на 68-та седница посебна точка за меѓунационалните односи и донесовме посебен документ за тоа, Декларација,а и кога расправавме за овие настани в Гостивар и Тетово, целата расправа беше во таква функција.

**ФАИК АБДИ:**

Сигурно не сум бил тогаш. Останувам на второто.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, во секој случај ако вие предлагате јас ќе го ставам на гласање вашиот предлог. Господинот Фаик Абди го повлекува предлог

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа прво морам да кажам дека сум навистина разочаран и изненаден од неприфаќањето на предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови, или таканаречениот закон за ТАТ, "Алфа С" и "Лавци". Сум разочаран и навистина не знам дали повеќе некому да верувам затоа што повеќето колеги од пратениците од СДСМ има забелешка претходната седница дека овој закон не го прифаќаат заради тоа што го предложивме по итна постапка и побараа да го предложиме во редовна процедура во Собранието на Република Македонија. Јас и тогаш реков навистина не сакам на гој начин да стекнувам некои свој имиџ, но настојував да влеземе во разрешување на еден проблем кој што моментално надлежните органи во Република Македонија незаконски го спроведуваат. Ако е така не ми останува ништо друго туку да си заклучам самиот дека овој Парламент со неќнашното гласање и гласањето од денешната седница парламентарното мнозинство барем јас така мислам

конечно потврди незаконско дејствување во Република Македонија. Имено се состои во тоа, примани се од штедачите на ТАТ побарувања.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Најдовски вие добивте збор за да предложите дополнување на дневниот ред.

**СЈТОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Да, ќе предложам дополнување на дневниот ред. Ова ми е образложение. Јас мислам дека нема потреба од нервоза. Сега ако некого тоа го загрижува. Јас ќе предложам и заради тоа ова ни е како образложение. Никому досега не сум му дофрлил, и не дозволувам да дофрлувате. Реков дека имаме една состојба кога штедачите на ТАТ поднесуваат барање од стечајната маса и по законот се должни да платат судска такса од 600 денари. ВО овој момент на првите некаде околу илјада и нешто барања им се земени тие 600 денари судска такса. По барање на штедачите се престана со земање на таа судска такса. Мојот предлог на закон беше да се озакони и да се овозможи на сите штедачи на ТАТ заради тоа што и при донесувањето на Законот беше речено дека сме социјална држава на сите штедачи на ТАТ да им се овозможи без плаќање на судска такса тоа го дозволува и Законот за судски такси да ги поднесуваат барањата за побарување од стечај, односно она што сега е направено за дел од штедачите а за дел не е направено барав да се озакони. Но сепак реков, верував на тоа дека колегите пратеници ќе издржат на своите ветувања дека доколку биде во редовна процедура тој закон ќе го прифатат и затоа повторно го поднесов. Со оглед на тоа што не е прифатен тој закон барам дополнување на дневниот ред со две информации.

Првата информација е Информација за отпочнување со исплатата на средствата на штедачите опфатени со Законот за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од

II/6.-

побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови, или таканаречениот закон за ТАТ, АЈ1ФА-С и Лавци. Зошто ја барам оваа информација.

Прво, во Законот е речено дека исплатата ќе биде на шест еднакви месечни рати кои што неможат месечната рата да премине повеќе од 13.500 денари, не смее исплатата да трае повеќе од траењето на стечајната постапка, односно до завршувањето на стечајната постапка но не подолго од 6 месеци. Што значи дека Законот влезе во сила на 1.08.199 7 година, шест еднакви месечни рати завршуваат на 1 февруари. Месечната рата не смее да биде поголема од 13.500 денари. Па ме интересира во Информацијата може Владата денес и усно да ја поднесе, или ка последна точка на дневниот ред. Како тие сметаат да ги исплатат тие 6 месечни рати, дали со првата рата ќе има една, или две рати наеднаш.

Второ, дали исплатата ќе заврши тие 6 месечни рати како што предвидува Законот на 1 февруари, и точно кога ќе започне исплатата на првата рата. Тоа е по однос на првата информација.

И втората информација што ја барам е следнава: Што Владата на Република Македонија презема во врска со заклучокот на Собранието на Република Македонија на кое што му се препорача преземање на активата од Штедилницата ТАТ. Образложение за оваа информација. Вие знаете дека во разговорите кои што се водеа помеѓу Владата на Република Македонија односно помеѓу премиерот на Владата на Република Македонија пратениците од Битола и претставниците на штедачите имаше предлог Владата на Република Македонија да ја преземе активата од Штедилницата ТАТ со една единствена цел со оглед на тоа што досегашните искуства покажаа скоро сите стечајни постапки кај нас не претставуваат ништо друго туку еден легализиран грабеж. Штедачите предлагаа со преземање на активата да се оневозможи обезвреднување на имотот на ТАТ. На предлог на штедачите Владата требаше да се изјасни. Владата не се изјасни по тој

предлог и во ова Собрание се предложи заклучок за кој што јас тогаш реков дека е најголем цинизам кој што може да постои од координаторот на пратеничката група на СДС предлог< заклучокот беше дека се препорачува на Владата на Република Македонија да ја преземе активата од Штедилницата ТАТ. Барам овие информации да бидат разгледани на денешнава седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Гештаковски има деловничка интервенција.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Мислам господинот Најдовски мимо деловникот го коментираше законот во однос на невлегување на денешната седница на дневен ред неизгласување од одредени пратеници. Согласно деловникот би сакал да истакнам дека идејата на пратеникот Најдовски сигурно е благопријатна за штедачите но начинот на кој тој постапува и во првиот настап по итна постапка и на денешниот настап не дава можност за една расправа во интерес на штедачите. Пред се господинот Најдовски знае дека судските такси се одложени што е точно и тие ќе се плаќаат со примање првата рата од Законот таканаречен за ТАТ. Господинот Најдовски на кој му беше укажано доколку се грижи за штедачите од Битола и од Македонија за ТАТ требаше претходно да побара помош од своите колеги барем од Битола за потпишување на тој закон. Законот не е спорен. Законот не е поминат во работните тела, Законот нема мислење од Владата и законот му е укажано бидејќи се осеќам и јас погоден дел од пратеничката група на СДС во кој рековме дека ќе расправаме по тој закон и му укажавме на одредени недоследности во тој закон, пред се од аспект на социјалниот дел. Тој закон ги ослободува сите од плаќање на

судска такса за своите побарувања што не е во ред. И тоа му беше укажано за право на вистината на господинот Најдовски и му кажавме дека ако предложи Предлог за донесување на закон во кој има основи, сметам дека ќе беше поддржан и разгледан од работните тела и од Владата. Во име на маркетинг не се игра со штедачите. Исто господинот Најдовски, ни наметнува Информација пак во име што многу жалам што можам да кажам бидејќи на самата вчерашна седница го постави истото пратеничко прашаше на кое согласно деловникот Владата ќе му одговори за исплаќањето. Господинот Најдовски многу добро мислам дека го познава деловникот, знае да се изјасни дали е задоволен или не, да постави дополнително прашање да бара од ова Собрание да расправа. И во секој случај ние ќе се грижиме за спроведување на законот. Неговите настапи иако се во интерес, но мислам дека треба да бидат согласно деловникот и прописите. Почитувањето на деловникот и на прописите мислам дека е основа на демократијата.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, секогаш настојувам да избегнувам директни обраќања, но морам да кажам од денес заклучив дека Владата на РМ покрај г-динот Зоран Иванов има уште еден порт-парол, г-дин. Гештаковски, кој што кажа, дека Владата на РМ ќе ми одговорела на пратеничкото прашање кое што вчера го поставив. И, добро е тоа што еве ако немаше вчера кој да ми одговори од Владата на РМ присутен за тоа пратеничко прашање, уште еден порт-парол на Владата на РМ ми кажа дека ќе ми одговорат на пратеничкото прашање. Тоа е по однос на тоа.

Второ, по однос на пратеничкото прашање, јас и вчера реков дека пратеничкото прашање е од таков карактер што бара одговор во најбрз можен рок. И, поучен од искуството кое што досега го имавме по однос на одговорите на пратеничките прашања јас го актуелизирав ова прашање.

Втора работа околу предлогот за донесување на законот со оглед на тоа што ми беше укажано дека не го познавам Деловникот, јас морам да кажам дека доволно го имам проучено и никој....

(реакција на пратениците)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, не, рече дека многу добро го познавате.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Морам да кажам дека јас постапив исклучиво по Деловникот за работа на Собранието на РМ. Го поставив, прво, го предложивме законот јас и моите колеги по итна постапка. На претходната седница ја образложив итноста од донесувањето на тој закон. Повеќето пратеници сметаа дека тој закон не треба да се донесе по итна постапка. Во ред, го прифатив тоа размислување , односно тоа надгласување го прифатив и

III/2.-

затоа законот сега го предложивме во редовна процедура, да оди како Предлог за донесување на закон, со Предлог на закон. Доколку господинот Гештаковски сака да докаже дека требаше да оди само Предлог за донесување на закон, јас стојам на располагање тој во име на Пратеничката група на СДСМ предложи денес да ја разгледуваме само првата фаза на овој закон, и веднаш на наредната 77-ма седница го разгледуваме и Предлогот на закон.

Јас воопшто не знам. Ако сакаше да се минимизира тоа што е предложен овој закон тоа е во ред. Политичка борба, застапување на одредени ставови.

И, на крајот, околу прашањето дека подеднакво ги третира сите штедачи и оние кои што биле социјално загрозени и оние кои што не биле социјално загрозени, јас подготвен сум да прифатам амандман од г-динот Гештаковски кои ќе ми предложи амандман како тоа да се направи. Според мене, граѓаните на РМ се рамноправни пред секој закон. Односно, нивната рамноправност не смее да биде ограничена со ниеден закон. И, еве стојам на располагање ако најде адекватен амандман со кои што тој ќе ги подели граѓаните на социјално загрозени и социјално незагрозени да го прифатат, а воедно укажувам дека ќе го прифатам амандманот со кој што тој ќе предложи секој штедач што бил привилегиран од страна на штедилницата ТАТ да не го има тоа право на оддолжување, односно неплаќање на судската такса. Само на оние граѓани, оние како што рече што биле привилегирани во штедењето во ТАТ.

Благодарам.

III/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставник на Владата да се произнесе по предлозите на г-дин Најдовски.

Г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Имаше два предлози, ако јас добро ги систематизирав. Владата не прифаќа изработка ни по првиот ни по вториот предлог за такви информации, туку ќе одговори во што можен побрз рок на пратеничките прашања.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Првиот предлог на г-дин Најдовски го ставам на гласање.

Кој е за тоа Владата да подготви информација, молам да крене рака.

17 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против?

25 пратеници се против.

Кој се воздржува од гласање?

14 пратеници се воздржуваат од гласање..

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Вториот предлог на г-дин Најдовски го ставам на гласање.

Кој е за тоа Владата да подготви Информација молам да крене рака.

17 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против?

24 пратеници се против.

Кој се воздржува од гласање?

8 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали уште некој пратеник сака да предложи дополнување на дневниот ред.

Г-дин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господо пратеници, во името на пратеничката група на ПДП бараме да се дополни дневниот ред со оглед на тоа што дека очекуваме дека ќе се расправа неколку дена, веројатно, и ќе има време да се достави информација со преглед за националната структура во државните органи со тоа што се разбира, да се опфати таа национална структура и во Собранието и во Владата и во Кабинетот на претседателот на Републиката, министерствата и другите органи на управата и организации, во јавните претпријатија и јавните установи и служби.

Мислам дека не би требало и многу да образложувам затоа што ние и како политика на Собранието, па и на Владата и наша како пратеничка група е да ги следиме и да се ангажираме во сите тие движења во однос на учеството на националностите во органите на државата и во нивните јавни претпријатија и јавни установи и служби. Затоа мислам дека е добро да имаме таква информација врз основа на таа информација и да се расправа во Собранието за да можеме ние како Собрание односно како пратеници да помогнеме таму каде овие активности односно оваа политика не се остварува или нема никакви индикации дека се остварува, тогаш ние како Парламент односно како

Собрание да  сугерираме и да помогнеме да се подобри националната структура во сите тие државни органи.

Мислам дека ќе имате -и разбирање бидејќи Владата треба да подготви ваква информација ќе имаме и поддршка како пратеничка група затоа што понекогаш се ставаме во ситуација кога баратаме со бројки, различни, даваме различни информации, односно различни податоци.

Јас сум свесен и како пратеничка група свесни сме дека ние побаравме и порано ваква информација, меѓутоа, сите овие работи се во движење и по некоја актуелна и нова информација во врска со националната структура на државните органи и сите овие кои ги наброив, немаме, па би било пожелно еднаш да не биде само на ниво на едно пратеничко прашање да се информира само еден пратеник, како што стојат работите за националната структура, туку да добие и во тежина и за расправа во врска со учеството на националностите во сите овие структури односно во сите овие државни органи.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставник на Владата да се произнесе по овој предлог.

Г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Во владина процедура е една таква информација, не може таа да биде доставена за денешнава седница, бидејќи не е завршена владината процедура. Што значи ние подготвени сме да изработиме таква информација, на Парламентот ќе биде да одлучи дали ќе расправа или не. За наредната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе биде доставена за наредната седница. Г-дин Рамадани, дали го прифаќате одговорот? Да.

Благодарам.

Дали уште некој пратеник бара збор? Г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас денес нема да барам информација за било што од Владата на РМ, туку барам Собранието на РМ да подготви една информација колку од 120 пратеници во ова Собрание користат кабинети, службени возила, возачи, и репрезентација и колку досега изнесуваат трошоците на овој план.

Барам оваа информација да биде подготвена за наредната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го прифаќам предлогот.

Дали уште некој пратеник сака да предложи? (не)

Бидејќи повеќе никој не бара збор, кој е за предложениот дневен ред. молам да крене рака.

63 пратеници гласаа "за".

(Г-дин Најдовски од место процедурално бара да се прегласа)

Еве, кој е за предлогот на дневниот ред молам да крене рака, бидејќи процедурално интервенираше г-дин Најдовски.

(Реакција на некои од пратениците)

Не, сега не гласаа, а преска видов дека гласаа.

Јас гледам подобро од овде, од вас.

51 пратеник гласаа "за".

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање?

10 пратеници се воздржани.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Г-дин Џаферовски процедурално.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, заради запазување на законскиот рок предлагам одлуката за определување на бројот на заменици на Народниот правобранител да оди како прва, со цел да се овозможи доставување на објавата и Народниот правобранител да може да ја обавува функцијата.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас сепак предлагам тоа да биде втора точка, ако ја прифаќате сугестијата, бидејќи на почетокот утврдивме потребата од итност за донесување на законот што го предлага Владата на оваа седница, па потоа да одиме на тоа.

Значи, прва точка е Предлог на закон за задолжување на РМ кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за кредит по проектот за санација на образованието.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор, молам? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

56 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Колку пратеници се во салата молам? 61 пратеник се присутни во салата.

Бидејќи сега влезе г-дин Каров, јас уште еднаш го ставам предлогот на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

60 пратеници се во салата, гласањето не може да биде валидно.

Јас ќе бидам приморан да ја одложам седницата за утре.

(Реакција на пратениците во салата)

Е, па ве молам, добро, треба да имаме кворум.

Кој е за предлогот на законот молам да крене рака.

64 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Не.

III/9.-

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за кредит по проектот за санација на образованието.

Бидејќи имавме предлог, аргументиран од претседателот на Комисијата за избори и именување, 14-тата точка да ја гледаме како втора, молам да поминеме на оваа точка.

Точка 14 - Предлог на одлука за определување на бројот на замениците на Народниот правобранител.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Кој е за молам, да крене рака? (60 пратеника)

Дали некој има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за определуваше на бројот на замениците на Народниот правобранител.

Преминуваме на втората точка од дневниот ред- Предлог на закон за социјална заштита.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Зибери, министер за труд и социјална политика и потпретседател на Владата.

IV/2.-

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа.

Како што знаете Собранието на Република Македонија на Шеесет и четвртата седница одржана на 2 април 1997 година расправаше по Предлогот за донесување на закон за социјална заштита. При тоа Собранието го усвои Предлогот за донесување и ја задолжи Владата да изготви текст на Предлогот на законот.

Денеска пред Вас е токму текстот на Предлогот на законот за социјална заштита кој , како што знаете ќе го супституира основниот закон за социјална заштита кој е донесен уште 1978 година, а кој на неколку пати беше новелиран односно изменуван и дополнуван.

Со новиот текст на Предлогот на закон за социјална заштита, како што и при расправата за Предлогот за донесување на закон за социјална заштита обрнавме внимание на промените и новините што ги носи овој закон и тоа, пред се, социјалната заштита определувајќи ја како дејност од јавен интерес, а согласно на тоа определувајќи ја државата како основен носител на социјалната заштита, а во одредени области и како единствен носител, како што е правото на основање на центри за социјална работа и т.н.

Исто така со овој текст се става поголем акцент на превентивното делување и преземање на мерки за спречување на социјалните ризици, како и развивање на форми на вониституционална заштита. Тука се, исто така, новините во делот на надоместокот на плата за скратено работно време, за згрижување на хендикепирани лица, како и основањето на центри за помош во домашни услови, како и можноста за основање работен однос на сите лица кои ќе згрижуваат деца без роди- тели во поголем број односно над 3 такви деца. Секако новината во делот на

основањето на установите од социјалната сфера и можноста за делување на приватниот капитал во обласտа на социјалната заштита, се разбира, со селекции кои , согласно Законот, државата ги прави односно ги задржува како исклучиво свои дејности.

Сите сугестии при расправата, а морам да признам зедоа учество прилично голем број пратеници, а кои одеа во прилог на подобрување на текстот и во полза на концептот што го нудеше Владата се прифатени, како и предлозите и сугестиите на комисиите тука пред се мислам на Матичната комисија, Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно-правната комисија. Се разбира, предлозите кои не можевме да ги прифатиме ги аргументираме со контра тези за нивната неиздржливост и подударање со концептот на социјалната заштита што го нудиме

Исто така во меѓувреме се понудени доста амандмани за кои дел од нив е водена комисиска расправа по кои овде ќе се изјасниме, а поголем дел од нив се прифатливи и истите ќе ги прифатиме, а за дел исто така ќе бидеме приморани негативно да се изјасниме. Ете, накратко толку како вовед.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Законот за социјална заштита секако претставува еден битен закон од аспект што во моментот во нашата држава навистина постои голема

категорија на социјални случаи на лица на кои им е потребна социјална заштита.

Второ, со овој закон на некој начин се поткрепува и се докажува дека ставката која беше определена за социјални работи во Буџетот е оправдана и

Трето, сметам дека со овој закон треба да се додефинираат одредени состојби кои не се јасни и децидно решени во овој момент со постоечкиот Закон од 1978 година.

Министерот во своето воведно излагање кажа дека со овој закон се донесуваат одредени новитети, што е за поздравување, посебно од аспект што се овозможува основање на центри во домашни услови за заштита на незгрижени деца, потоа исто така битен елемент е што со овој закон се овозможува приватниот капитал да се пласира и во овој сегмент од државата односно се овозможи со приватниот капитал да се дадат подобри услови за операционализација на овој закон и на тој начин еден голем слој на граѓани ја најдат својата социјална заштита.

Поводот за мојата дискусија беше практично повод по кој дискутирав во првата фаза по овој закон тоа е практично состојбата или би рекол со овој закон бришењето на една институција која долго години постои во нашата држава тоа е институцијата "Мајчин Дом"-Скопје која моментално работи како посебно одделение во состав на Клиничкиот центар- Ортопедска клиника - Скопје.

Морам да кажам дека институцијата "Мајчин Дом"-Скопје постои веќе 41 година. Имено, таа е формирана 1956 година кога започна да се гради на локација во населбата "Црниче" за да 1957 година почна да работи со капацитет од 60 деца и капацитет за 10 мајки кои имаат потреба од социјална заштита. Последните 20 години Домот работел со

многу поголем капацитет од 90 до 100 деца. Поради тогашните законски прописи деца додека не навршат една година старост не можат да се посвојат и поради условите кои ги имало во тоа време имало потреба да се гради поголем објект така што во 1976 година покрената е иницијатива за градба на нов објект од тогашниот СИЗ за социјална заштита на град Скопје, Центарот за заштита на деца и младинци "Младост" и Републичка та СИЗ за општествена заштита на деца. Новиот објект со локација во населбата Аеродром е започнат со градба 1981 година и во текот на 1982 година е пуштен во употреба со капацитет од 120 деца и 20 мајки, современо опремен за згрижување на деца и заштита на деца без родителска грижа и на мајки кои се нашле во положба на социјална потреба.

Како самостојна установа "Мајчин Дом"-Скопје функционира се до 1987 година кога со Одлука на Собранието на Град Скопје и Собранието на Република Македонија поради рационализација во сферата на социјална заштита објектот е предаден на Клиниката за ортопедски болести при Медицинскиот факултет во Скопје каде функционира како оддел за прифаќање на деца без родителска грижа на мајки и мајки кои се наи ле во ситуација на социјална потреба. Одделот подоцна го добива нашиот Одделение за рано откривање на аномалии кај новороденчиња и ги обезбедува потребните услови за сместување , грижа и одгледуваше на деца новороденчиња останати без родителска грижа во првите месеци од нивниот живот.

Во текот на 1995-1996 година се сместуваат деца како и мајки и во "Мајчин Дом" - Битола но и во Одделението за рано откривање на деца со аномалии при Ортопедската клиника - Скопје.

Од аспект на мислење на стручните тимови и експерти кои работеле и работат на оваа проблематика се смета дека најповолен

капацитет за згрижување на мали деца новороденчиња е бројката меѓу 15 и 20 деца при што третманот е многу поблизок до семејниот амбиент односно семејството отколку институција каде може да прими 100 и повеќе деца. Ова го велам од аспект што во оваа ситуација излегува дека навистина во сегашниот третман не постои институција која може да ги обезбеди тие услови освен ова што веќе постои во Скопје во зградата на "Мајчин Дом" - Скопје како одделение при Ортопедската клиника каде постојат 25 кревети за деца односно 5 кревети за сместување на мајки со деца.

Со новиот закон очигледно дека ова одделение или "Мајчин Дом" - Скопје не е влезен во никаков контекст со цел и веројатно со идеја сите овие деца , а спрема Информацијата од Меѓу општинскиот одбор за социјална заштита просечно во Град Скопје кој број 700 илјади жители таа бројка се движи годишно околу 60-тина деца, очигледно дека треба да се сместат во "Мајчин Дом" - Битола. Сместувањето на деца помеѓу 0 и 3 години значи новородени и старост до 3 години посебно за новороденчиња без родители, без родителска грижа во "Мајчин Дом" - Битола носи повеќе ризици и јас би набројал неколку:

Прво, транспортот на новороденче од неколку дена без соодветно возило и без медицинска придружба претставува голем ризик за животот на тоа дете.

Второ, во случај новороденчето да има родител или родители и семејство од страна на мајката тогаш е многу потешко скоро неизводливо за стручните кадри на Центарот во "Мајчин Дом" - Битола да работат на воспоставување на емоционалната врска помеѓу детето и мајката или евентуално со новото семејство на мајката со цел да го прифатат истото во новото семејство.

Трето, оневозможени се контакти помеѓу новороденото дете и мајките кои се наоѓаат на отслужување на судски казни во Скопје значи дека навистина е физички не изводливо тие мајки да имаат кон- такт со тие деца.

Четврто, Градот Скопје како Медицински центар располага со големи можности во однос на интерклиничките специјалности со цел тие деца да се испитуваат во случаи да имаат одредени аномалии при самото раѓање односно по раѓањето на тие деца така што практично не постои начин да добијат права медицинска нега односно специјалистички испитувања во вакви случаеви.

Мојата цел и залагање практично преку амандманите го барам во овој закон за социјална заштита свое место најде и ова одделение кое постои моментално во склопот на Клиничкиот центар - Ортопедска клиника да најде свое место во законот односно да овозможиме "Мајчин Дом " - Скопје како институција која постоеше 41 година постои и понатаму не затоа што таа како институција го докажала своето постоење, туку затоа што навистина Градот Скопје со 700 илјади жители има потреба од ваква институција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Чапов.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Почитуван претседателеу дами ц господа пратеници, во кратки црти би рекол нешто за Законот за социјална заштита инаку слободно можам да горечам овој закон претставува закон за сиромаштијата од прилика освен за луѓето кои не можат да обезбедат своја егзистенција во животот.

По законот би се задржал само на два сегменти тоа е од член 20 , цитирам, "социјална помош за лица способни за работа, а социјално не обезбедени и социјална помош за лица неспособни за работа и социјално необезбедени". Кога веќе би се однесувал законот за социјална заштита да се донесува за луѓето од вториот став односно за лица кои се неспособни за работа и социјално финансиски необезбедени, тогаш законот целосно го поддржувам и ќе бидам еден од тие што ќе барам позитивни и поквалитетни решенија. Меѓутоа, кога се однесува за овој сегмент на лица способни за работа, а социјално необезбедени треба да бидеме тие кои ќе бараме начин да се намалува таа бројка однос но да обезбедиме работа за да не обезбедуваме социјална помош за оние кои се способни за работа. Бидејќи со една таква социјална заштита само ја намалуваме работоспособноста на луѓето кои се способни за работа и не им даваме услов за своја егзистенција. Знаеме дека социјалната помош е еден гол живот и краткотрајност и не вечна обезбеденост со тие минимални средства што ги дава социјалната помош на необезбедените лица. Секако овде не ги ставам оние лица кои поради оправдани субјективни причини, објективни причини не можат да обезбедат своја егзистенција за живот.

Господа пратеници мораме да сфатиме дека без работа нема егзистенција без разлика што во законот се предвидува минимална социјална помош особено за оние лица кои се способни за работа треба да изнаоѓаме моменти односно да бараме начини како да им обезбедиме работа и како да им обезбедиме поголема егзистенција.

Вториот сегмент од овој закон би се задржал на работата на центрите за социјална заштита каде постојат аномалии и ќе постојат

понатаму, бидејќи овие моменти*ка решавање на социјална помош не се адекватни , бидејќи со свои акти Министерството аз труд и социјална политика доенсува услови , акти на кој начин се добива социјална помош и под кои услови. Меѓутоа, идеално не се спроведува бидејќи и не може да се спроведе .Со Законот за семејство не е ограничено и сите проблеми настануваат еден сегмент токму овде. Родители деца оставени неоставени имот кај родителите, имот кај децата, непрефрлени имоти, па често можеме да сретнеме има камион , а прима социјална помош, татко му е најбогат во селото прима социјална помош така што овие работи не се добри, а со Законот не можеме ништо да исправиме, меѓутоа го замолувам министерот односно Министерството да донесе такви акти каде правилно ќе може да се оцени социјалната слика на било кое лице дали има потреба од добивање на социјална помош или не.

Да не должам по некои членови од законот имам поднесено амандмани, тие се од таква природа да можат да бидат прифатени на член 5, член 7 и член 8.

Член 5 предлагам да се брише само од една прилика, бидејќи мислам дека Министерството за труд и социјална политика не треба да се бави освен со социјална заштита и социјална сигурност на граѓаните да се бави со преземање на мерки за даночна политика, вработување, политика на стипендирање, бидејќи за сите оддели имаме посебни закони кои се поопфатни. Или е во членот 8 стручно усовршување на работници во здравството и потреба за работа. Со овој закон не требало да се предвидува. Овде овие без работа , а со Законот за вработување е предвидено стручно оспособување, пренамена или преквалификација.

V/1/ДВ/лј

**СЛАВКО ЧАПОВ:** (продолжение)

Во член 7 став 2 предлагам да се брише следното: "државјани на Република Македонија кои немаат постојано живеалиште во РМ".

Мислам дека социјалната слика на оние луѓе кои не се во Македонија, кои се во странство не може да се оценува и пак ќе се прават овие малверзации што денес се прават и тогаш пак ќе дискутираме за иста работа.

Другите два амандмани се од таква природа што би требало министерот да ги прифати, од 28 на 30, заради поголема реалност. Тоа е зас едночлено семејство 20, за двочлено 30 и за трочлено и поголемо семејство над 40%.

На крајот сакам објаснување од министерот, во казнените одредби, членовите 126. 127, 128, мислам дека тоа е нереално поставено, со парична казна од 10 илјади до 300 илјади, ќе бидат казнети центрите. Оваа сума не е издржана. Па министерството ги финансира центрите и треба она да ги казнува од своите пари. Тоа е малку нереално и нелогично. Барем да се намали цената во тој однос.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, дами и господо министри

Мене за дискусија ме поттикна претходниот дискутант кога пратеникот рече дека овој закон е за сиромаштијата. Мислам дека тоа е една ноторна грешка. Овој закон е за целата популација на Македонија, значи не е закон за сиромаштијата.

Ако ја прочитавте дефиницијата што е тоа социјална заштита, ќе ја видите превентивната димензија. И вие утре можете да станете корисник

на овој закон, со оглед на тоа што ќе земате пензија. Така да ако ви е мала пензијата законот може да ви додаде нешто. Или пак во случај на смрт, во случај на болест, на хендикеп на некого итн,., итн. Значи целата популација на Македонија е покриена со овој закон. Мислам дека ова е еден од поквалитетните закони затоа што на тој начин се доближуваме, го опоменуваме оној значаен чекор на реализација, на пример на Република Македонија како една социјална држава, иако тој пат, знаеме дека е долг. Имено, современата социјална заштита како систем за прв пат е составена во времето на Бизмарк, некаде 1882 година и на Германија и требаше речиси половина век да го воспостави тоа општество на благосостојба.

Лорд Деберич по војната е вториот значаен човек во историјата на социјалната заштита кој со 5-6 принципи направи едно ново видување, едно ново воспоставување на социјалната заштита, принципи кои се инкорпорирани во Законот.

Денес ако правите една анкета и било кој граѓанин на Западна Европа го запрашате на што ве асоцира поимот социјална заштита, тој ќе ви каже на немање пари. Зошто? Затоа што секогаш растат обврските на оној кој раководи со социјалната заштита, но исто така расте и квалитетот на животот, старее популацијата, животниот стандард расте. со други зборови трансферот на средствата кој е неопходен во доменот на социјалната заштита е постојано во пораст. Тоа не е само проблем на пост комунистичките земји, тоа е проблем југозападно од Европските земји. Се смета дека на пример Владата на Жипе на Франција падна токму заради еден недостаток на средства во доменот на социјалната заштита. Значи една лоша социјална политика итн.

Наш основен проблем во функционирањето на социјалната заштита се токму средствата. Македонија е една социјална држава. И она што е позитивно на законот е што државата отворено се појавува како носител на социјалната заштита.

Во минатиот режим, знаеме, основен основ на социјалната заштита беше непосредниот производувач, па се зборуваше за СИЗ-ови, па се прелеваа средствата итн. итн. Меѓутоа, тоа беше едно друго општество, една голема држава итн., кое што колку толку функционираше во тој домен.

V/3.-

Денес Македонија е една мала држава со голем недостаток на средства, со економска па би рекол и социјална грижа. Овој закон е еден вид асоцијален одговор на таа економска и социјална грижа.

Мислам дека, јас ги ценам и разните амандмани, меѓутоа јас немам никаков предлог, никаков амандман, сметам дека Законот навистина е мошне далеку глед, бидејќи пред се инсистира врз превентивната функција и затоа јас му давам поддршка. Мислам дека тука нема никакви партиски, религиозни ниту некој друг вид недоразбирања. За овој закон мислам сите можеме да најдеме некој консензус.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани пратеници

Мојата намера е да ги пренесам заклучоците на мојата пратеничка група од социјалистичката партија и веднаш да кажам дека пратеничката група на Социјалистичката партија комплетно го поддржува носењето на овој закон од причини што самиот закон е во функција и на програмата на Социјалистичката партија која ја донесе на својот конгрес. Тоа е ориентација на социјалистичката партија, заштита на поединецот, семејството итн. Во тој контекст комплетна поддршка од пратеничката група на Социјалистичката партија на овој закон. Причини има многу, во смисла на тоа, заради тоа што своевремено пратеничката група на Социјалистичката партија се залагаше во првиот член од Уставот на РМ, во врска со градење на Уставот да обезбедиме атрибут социјална држава. Мислам дека со поставување на атрибутот социјална држава државата се определи дека ќе има комплетно социјално обезбедување на секој граѓанин поединец семејство и група со единствена цел да се обезбеди комплетна социјална и економска сигурност, се разбира не само во рамките на производниот процес туку и надвор од него. Во тој контекст мислам дека она што претставува социјална држава, во член 1 од Уставот, а посебно поместено во член 34, 35, 40 и 42, комплетно ги одразува овие определби во Уставот, самиот закон за социјална заштита кој денес е предложен на расправа.

Мислам дека добро е што предлагачот и Министерството за труд и социјална политика го потенцираат проблемот дека ние сме социјална

држава и дека државата ги презема сите функции за обезбедување на материјални и друг вид услови за обезбедување на социјална и економска сигурност на граѓаните.

Посебен квалитет на овој закон е што посебно го потенцира поединецот, семејството и групата. А што потенцира? Потенцира дека сите овие граѓани односно поединци, семејство и групи ако се најдат во одредена потреба од социјална положба или тн. ризик државата обезбедува додатни материјални средства и друга превентивна заштита да ги заштити граѓаните од тој ризик.

Мислам дека член 4 од самиот закон е посебно квалитетен бидејќи обезбедува одредена заштита под услов: ризикот старост, ризикот мајчинство, ризикот невработеност итн. Сето тоа, оди во функција на тоа дека Законот, посебно во член 4 на некој начин гарантира дека сите овие граѓани се под заштита на државата. И добро е што државата е носител на целокупната социјална заштита.

Го поздравувам ова што во законот имаме и одредени промени во однос на претходниот закон и добро е што министерот односно Министерството за труд и социјална политика посебно го назначува и ги проширува одредени институти за заштита на одредени граѓани, посебно кога се работи за лица со одреден хендикеп односно заштита на неговата мајка. Мислам тоа е еден посебен квалитет, ако ви кажам дека досега барем тој институт изостануваше посебно од овој матичен закон кој ја обезбедува таа целокупна заштита, а се работи за вработени мајки а кои имаат хендикепирано дете, што значи дека еден позитивен однос. Добро е тука што имам и еден амандман со кој се подобрува и самата висина на материјални средства од 28 на 30, а тоа е дискутабилно, прашање е дали ќе се прифати или нема да се прифати. Основен квалитет е дека се прифаќа.

Вториот квалитетот во законот, мислам тоа го потенцира министерот, е домувањето. Ние ниту со еден закон во претходните фази што ги донесовме во РМ, не ги заштитивме овие граѓани со оваа потреба, значи потреба од стан, куќа итн. Денес сме сведоци на низа проблеми, на одредени граѓани парцијално да ги разрешуваме проблемите и тоа минимално со учеството на Министерството за труд и социјална политика и тоа, иако Министерството ги нема сите

ингеренции за да ги обезбедува на оваа категорија на граѓани. Добро е сега бидејќи тоа го подигаме на едно законско ниво да обезбедуваме домување на категорија граѓани кои се корисници на одредени права, а тоа е постојана парична помош, сместување во друго семејство односно деца без родители и родителска грижа, со една иницијатива ако може да се прошири и на останатите основни права на овие граѓани. Значи тоа е еден посебен квалитет.

Мислам дека една поддршка исто така од нашата пратеничка група произлегува и оттаму што веќе овој закон обезбедува една превентивна социјална заштита. Зошто? Заради тоа што предлагачот на законот и онаа норма што е прецизирана што е утврдена во самиот закон обезбедува спречување да не дојде одредено лице во положба од социјална потреба, а тоа е посебен квалитет, бидејќи е во функција на заштита на секој граѓанин како психофизичка односно како интегрална личност. Тоа е еден голем квалитет затоа што законот на некој начин се израмнува со низа законски проекти кои се дадени во одредени цивилизирани европски држави, а со едно вакво решение на Законот ние веќе се стремиме да влеземе во тој европски систем на заштита на секој граѓанин, што мислам дека е посебно квалитет. За разлика од она што веќе не може да се спречи со превентивните мерки методи и форми итн., веќе и законодавецот извонредно предлага одредени облици односно институти на права на граѓаните кои веќе се нашле во положба од социјална потреба, а тука ги обезбедува и формите и материјалните средства, со извесна цел да се обезбеди севкупната материјална односно социјална и економска сигурност.

За поздравување е што законодавецот има еден извонреден предлог што ние сме сведоци дека најголемиот дел од популацијата во извесна смисла не може да се интегрира во одредена социјална средина. Значи одредена категорија веќе се дезинтегрирала во тој процес и мислам дека законодавецот прави напори со одредени норми во самиот закон да прецизира дека за одредени граѓани кои не можат да се интегрираат во одредени социјални па дури и работни средини, обезбедува комплетна заштита преку одредени институции за кои јас понатаму би кажал. Мислам тоа се посебни квалитети.

Тука е и драшта на самиот закон кој има одредени модерни форми и средства за надминување на сите социјални и ризици кои би се нашле во државата.

Добро е тука што законодавецот оди и во таква позитивна смисла дека обезбедуваме и приватна иницијатива во системот на социјалната заштита. Тоа е добро решение од аспект на тоа да создадеме една инвентивност односно еден интерес кај граѓаните да создадат и конкуренции и да ја подобрат мрежата на сите социјални институции кои може да обезбедат заштита на овие граѓани. Од тој аспект ние во пратеничката група во Социјалистичката партија посебно внимание обрнавме на овој елемент од аспект дека сметаме, ако тука обезбедиме поголема приватна иницијатива, обезбедуваме повеќе форми на сместување во друго семејство односно институции кои обезбедуваат заштита на стари лица, како сегашните домови за стари односно институции кои обезбедуваат заштита на инвапидизирани лица, начинот и можноста на државата да се зголемува затоа што мрежата на социјалните институции се проширува, а во тој контекст се проширува и конкуренцијата и одговорноста при пржање на соодветна заштита.

Тука можеме да потенцираме и еден посебен квалитет, а тука е и мојата поддршка и поддршката на Социјалистичката партија што предлагачот посебно ја потенцира истражувачката работа и стручна социјална работа. Истражувачката работа доаѓа до израз преку посебни институции кои исклучиво со интередисциплинарен пристап со една хетерогена структура на стручни лица можат најквалитетно да го истражуваат сите социјални појави кои се јавуваат во државата, да не кажам она што мојот почитуван професор Нано Ружин вчера загатна еден посебен проблем на проституцијата, тоа како патологија, а тоа значи и други патолошки појави како што се алкохолизам, наркоманијата сексуални девијации, дезорганизации на брак итн. Тоа се предмет на е дно сеопшто истражување, а ние веќе во самиот закон предлагачот и потенцира дека треба да се обезбеди на таква институција со сите средства и кадри кои можат да направат една квалитетна истражувачка работа и да нудат одредени решенија на државата за разрешување на проблемите од тој аспект. Значи посебно треба да се потенцира тоа што предлагачот предлага а се обезбедат одредени институции како центри за социјална работа, иако имаше и мала критика на работата на

центрите за социјална работа. Меѓутоа, оној кој работи и греши. Оној кој не работи воопшто и не греши и мислам дека не е ни потребен.

Меѓутоа, центрите за социјална работа во овој период, со една оптовареност во својата работа можат и да погрешат. Но, основно овде во законот е што веќе се обезбедува и услов на кој начин треба да се формираат и другите институции, меѓутоа и центрите за социјална работа, со единствена цел да ги обезбедат сите услуги што се предмет на овој закон преку една струѓчна социјална и советодавна работа, не поединечно туку интередисциплинарно. Во тој контекст се предлага да бидат сместени повеќе стручни лица од високо образование, дури и доктори магистри, со единствена цел науката и стручноста да бидат до крај присутни заради тоа што секоја личност која доаѓа до една позиција, што и мојот почитуван професор Нано Ружин рече дека личноста е сложена индивидуа во која треба целосно да се продре со единствена цел да може да му се помогне во одредена ситуација заради тоа што секој граѓанин во РМ, има голема можност и е во позиција да дојде во таква положба, а државата да интервенира со одредени форми и задачи.

На крај, добро е тоа што финансирањето на овој закон произлегува од Буџетот, а тоа значи дека сите ние граѓани во РМ, на име на солидарност или преку даночен систем веќе создаваме услови за функционирање на овој закон кој за мене, морам да признаам има голема практична вредност и е многу применлив заради тоа што досега 70% до одредбите се применувале на еден квалитетен начин, а тоа значи во другиот дел има шанса да биде апликативен.

На крај, благодарам на вниманието, целосна поддршка на законот.

**РАТКА КУЉАН:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници

Толку пофалби за еден закон луѓето кои работат во дејноста, многу ме радува.

Јас ќе се задржам само на конкретната дискусија по определен дел од овој закон, а тоа е регулирањето на постоењето или не постоењето на институцијата така наречен мајчин дом и тоа од аспект на мојата дејност односно допирните точки на мојата дејност со оваа институција.

V/8.-

Што се однесува до потребата на овој тип на институција, значи онаа која прифаќа привремен претстој, деца без родителска грижа или мајки со деца без извори на егзистенција. По тоа прашање сакам да кажам дека таа потреба недвојбено постои во градот Скопје. Дали е тоа институцијата Мајчин Дом или тоа треба да биде некој друг тип на институција по локација, по состав на вработени или по начинот на работа, не се мешам во тоа. Сметам дека е тоа работа на Министерството. Меѓутоа, периодот во кој што родителите или мајката се откажуваат од новороденото дете до моментот на усвојување, треба да биде покриен институционално, без оглед што овој закон на големо задоволство на сите што досега го искажаа и на мое, предвидува и приватни иницијативи за прифаќање на такви деца.

**РАТКА КУЉАН:** (продолжение)

Меѓутоа, за еден определен временски период за кој што освен долна граница, значи најмалку три месеци престој во институција до усвојување, според мене треба да има и горна граница после која што треба децата да бидат дадени на усвојување, ако се болни во здравствени институции, ако се неусвоени и здрави во други институции. Но, определен период мораат токму во овој тип да поминат.

Ова го зборувам и од еден друг аспект. Друга таква институција во нашава држава има иста таква, мајчин дом во Битола. За таква чувствителна материја како што е згрижување на деца без родители , без родителска грижа кои во најголем број потоа одат на усвојување , при што побарувањето на родители за усвојување е многу поголемо од понудата на овие деца. За таква чувствителна работа многу е важно да се води сметка демонополизација на институциите што ја вршат таа дејност.

Не сум согласна во Републиката да има само една институција со монопол на извршување на оваа дејност. И, од овој аспект, особено од овој аспект, дури и бројот на децата во определен момент да е мал. Да речеме престојот во определениот момент од 5-6 деца ја оправдува , го оправдува постоењето барем на два такви центра во Републиката.

Значи, кратко кажано, зборувам во прилог или ја поддржувам дискусијата на г-динот Соколовски во овој дел.

Благодарам

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Јован Лазаров има збор.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, почитуван министре,

И јас сакам да ја искажам поддршката кон овој закон и да кажам дека го делам мислењето дека се работи за еден квалитетен закон со кој се преточила Уставната одредба на член 1 од кој Македонија се дефинира како држава, како социјална држава. Со него се гарантира правото за социјална помош на невработени, немоќни и неспособни граѓани за работа, како и незгрижени деца и стари луѓе.

Секој граѓани треба да чувствува сигурност, да добива социјална помош, но и здравствена заштита.

Јас, повеќе пати од оваа говорница сум велел дека државата ќе води најдобра социјална политика ако води таква политика, таква економска политика според која стопанството ќе заживее и дека секој граѓанин ќе добие работно место и ќе заработи за себе и за својата фамилија. Тогаш човекот се чувствува најгорд.

Но, како што беше овде речено во работниот век може да се случат разни незгоди, ризици, и несакани моменти во кои што човекот може да го доведат во една инфериорна положба, но државата е таа која што и во такви случаи треба да го прифати човекот и му овозможи евентуално друга работа или социјална грижа.

Сакам да истакнам дека со Законот се предвидува и формирање на приватни установи за социјална заштита од правни и физички лица, од домашни и странски лица и ја поддржувам таа новина и се надевам дека тоа ќе овозможи капиталот да продре во оваа дејност. Минатата година имав можност во Америка да видам такви институции, некои беа финансирани и од црквата, градеа цели населби за изнемоштени и незгрижени стари лица.

Сосема кратко, уште еднаш искажувам дека ќе гласам за законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Тантаров има збор.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници,

Како пратеник од селата на отепана Битола често сум присутен на оваа говорница кога на дневен ред се наоѓаат закони што имаат посебно значеше за животот и работата на селаните, за нивните маки и страданија откако господ ги создал , а некој му ги натоварил да ги носат додека се живи на нивните грбави плеќи.

Законот за социјална заштита е закон што треба да реши многу прашања и проблеми од областа на социјалната сфера. Впрочем, за нив многу кратко но многу јасно зборуваше г-динот министер Насер Зибери.

Некој ќе рече каква врска сега има селото со социјалната заштита па овој пратеник е повторно на говорница. Има врска господо, и тоа две големи врски:

Прво, селаните, како што е познато работат за социјалата во Македонија и натаму произведуваат евтина храна за потребите на таа социјала, како второ.

Понатаму, немаше да станам да дискутирам по овој закон ако пратениците од Скопје се разбира од ЛДП и СДС, сега веќе малку зближени, не инсистираа социјалната установа Мајчин дом во Скопје да стане корисник на средства од Министерството за труд и социјална политика. Во Македонија од денес па натаму да постојат два вакви домови.

Господо, колегата Соколовски опширно зборуваше за оправданоста Мајчин дом од Скопје да биде под капата на државата, односно да се дотира со средства од Министерството за труд и социјална политика.

Неговата теорија на овој план*јас мислам дека не држи место. Во неа се крие друга вистина, да се затвори Домот за доенчиња и мали деца , а не се вика Мајчин дом, тоа да го слушне и Куљан , во Битола, а Мајчин дом од Скопје да биде се и сешто во државата во решавањето на овие проблеми со маливе деца.

Дали, господо пратеници, Македонија, една педа земја е толку богата да има два дома за мали деца што судбината ги принудила да викаат "мамо" по туѓи жени.

Домот за доенчиња има ли деца во Битола наполни повеќе од половина век. Странскиве делегации што ја следат работата на овој план во Домот за доенчиња и мали деца во Битола до сега му даваат високи оценки за неговата работа, како на Домот така и на кадарот што работи во домот. Јас мислам дека сега, засега немаме така уредена и здрави нозе поставена установа во Македонија.

Е сега, ако Скопје како столица на Македонија, како еден голем град и се смета дека "Македонија е само Скопје" сака да има ваков дом во својата средина е веќе друга работа. Ако Скопје сака да го затвори Домот во Битола, силата е во него. Во Скопје е се. Само, мислам дека ќе згреши. Домот за доенчиња и мали деца во Битола треба да постои и ќе постои.

Мотивите дека Битола е далеку за транспорт на децата, дека Скопје има наука и струка, како што реков не држат место. Како што Битола располага, односно како што Битола доаѓа да ги решава своите маки во Скопје ката ден, така и Скопје ќе доаѓа да ги решава своите маки во Битола. Зошто не направиме таква програмичка би рекол.

Друго, господа, и Битола има кадри . И за деца и за се. Имаме современ медицински центар. Имаме современа педијатрија.

Имаме се. Што треба да направиме тој Дом и понатаму да остане таму? Или, да кренеме раце па да го преселиме во Скопје, тука!

На крајот, треба да се престане со праксата се, се, се, се во Скопје. Како онаа народна песна "се што виде Скопје се сака да биде негово".

Докторката Ратка Куљан заговара тука некој монопол на овие деца односно на домовите. Не знам, требаше да зборува малку поопширно, да видиме за каков монопол станува збор. Заговара да се отвара дом и со неколку деца. Па, ако имаат пари нека отворат и за едно дете.

Пак ќе речам, толку ли сме богати што инсистираме во оваа мала држава да постојат два вакви домови?

Јас, во целост го прифаќам концептот на министерот Насер Зибери за постоење на еден дом во нашава држава, за доенчиња и мали деца, со седиште во Битола, кој, како што реков до сега добил висока оценка од сите делегации што доаѓаат во нашава држава. Мислам дека Законот е добар и е направен по терковите на современа Европа.

Инаку, јас овој проблем немаше да го дискутирам ако некој од градските пратеници од Битола се најдеше денес овде и дискутираше на оваа проблематика.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Соколовски бара реплика.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Прво, да кажам дека ми е жал што ценетиот колега Тантаров погрешно ме сфатил во дискусијата. Мојата дискусија не беше со цел да се затвори домот во Битола за доенчиња и мали деца, така наречен Мајчин дом во Битола, туку целта беше покрај тој дом да постои и дом во Скопје, Не поради тоа што Скопје треба како центар да има се, но поради

тоа што Скопје како град во кој живеат скоро 700 илјади жители, има потреба од таков центар и она што е најбитно што го кажав во мојата дискусија дека , според мислењето на стручни експерти од оваа област, најоптимална бројка за сместување на вакви деца, новородени, најдени деца, на мајки кои имаат потреба од социјална заштита е бројка помеѓу 15 и 20 кревети, што значи дека концентрацијата на таков вид деца и мајки во еден дом како што е Битола со бројка околу 60 до 100 би била апсолутно неприфатлива, точно од аспект на нивна социјализација, нивно напредување во развојот и, пак ќе кажам јас сум тој и секогаш се залагам и Битола и Скопје да имаат два центри.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Господинот Соколовски, јас мислам дека пак ќе повторам дека нашава држава е пресиромашна да финансира два такви домови.

Натаму, домот во Битола нема само 60 легла. Колку ми е мене познато има трипати повеќе од тоа што велите вие. Значи, може да ги задоволи капацитетите за сместување на мали дечиња за наредниве 10 - 15 години. Ако за наредниве 10-15 години тој дом биде тесен, тогаш нека се отвори и во Скопје. Ќе отвориме во Новаци, било каде. Некој префрли во Новаци.

Зборот ми беше дека ние немаме толку пари за еден оваков луксуз. Ако треба, тие дечиња за кои се плашите дека ќе настрадаат додека стигнат, тие се мали, од Скопје до Битола, тоа се 150 км, пат па еве , ќе обезбедиме хеликоптери, нема проблеми.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Сигурно дека со право овој Закон го привлекува нашето внимание како пратеници, а верувајте и на пошироката јавност. Добро е што овој закон својата крајна, конечна фаза ја дефинира за само пет месеци од нашите последни тука , да речеме разгледувања на Нацртот на законот, со вградување на голем број од тие забелешки тогаш, евидентно и евидентна желба да почнеме да се приближуваме кон она што значат современи елементи на една социјална заштита без оглед на тоа колку сакаме да го прикриеме фактот дека сепак, тоа е категорија што значи еден поинаков статус и третман. Би сакале таа категорија на граѓани биде што помала без оглед на тоа што во неа може секој од нас и да се најде и објективно. Но, целта и функцијата на социјална држава е да изнаоѓаме начини и решенија да чувствуваме одредена сигурност но тоа да биде, што го вели народот не дај боже или од немај каде. Транзицијата и се она што ни се случува сигурно дека има огромно влијание при донесувањето на овој закон, впрочем и вчера многу од пратеничките прашања точно беа од оваа сфера. Сигурно дека овој закон ќе биде заблуда ако го набљудуваме сам: за себе затоа што многу закони мора да преставуваат една целина, Законот за семејство Законот за вработување, па сите оние појави од она што значи ресоцијализација и тн.- и тн. претставуваат една целина и се разбира важен сегмент во сето ова мора да има процесот на образование и воспитание во сите негови сегменти од она што значи струка која што обезбедува најголеми

шанси за вработување па се до она што значи воспитание затоа што од овој дел на социјална заштита често пати нормално и најчесто се наоѓаат лица или граѓани со одредени пречки во развојот но и објективно лица кои што во текот на својот развој немале можност да имаат одредена нега, да имаат дом и семејство и да ги уживаат сите оние основни елементи што значат мајчинство и домашно воспитание и образование.

**ТОМИСЈТАВ СТОЈАНВОСКИ:** (продолжение)

Сигурно дека, сакале или не сакале, мислам дека министерот има потполно разбирање за нашите реакции кога реагираме на одредени појави, кои што не се наши. Најискрено кажувам, тие информации до нас доаѓаат преку граѓаните. Сигурно незаводлни, сигурно иницирани од некои однесувања, така што во сето тоа треба да се гледа една добара намера и да бидам поконкретен секаде стојат контролните механизми, периодични и завршни сметки, стојат и информации до Министерството и до Владата, меѓутоа никаде не стои обврска овој дом да биде на некој начин информиран. Предлагам во подзаконските акти не интервенирам во овој закон, мислам ќе биде многу корисно да вас кој што работите професионално во оваа сфера, на пример, еднаш годишно да се достави една информација непристрасна, без некои гадни намери, во која што би се содржало  нап. следното. По општини, како пунктови да ги речеме, вклучувајќи и и сите институции од социјалната заштита не само центрите од социјалната заштита, каде што ќе бидат нотирани, утврдени манипулации, злоупотреби и сл. Не мора да биде тоа име и презиме, но на пример, во Центарот за социјална работа кој што го покрива подрачјето на општина Тетово во текот на 199 7 година установени се, да речеме, прекршувања по однос на институционална заштита толку случаи, вон институционална толку итн. Ќе се почувствува една одговорност, а вие практично со тоа имате право да имате и една, да кажеме, објективна и општествена сатисфакција на она што го работите. Затоа што, честопати вас ве доведуваме како министри да морате да ги поднесувате на свој грб сите можни манипулации, кои што вие и можеби вие не можете да ги увидите. Мислам. еден добар предлог кој што треба во некој од подзаконските акти да биде вграден.

Прашањата на она што значи вон институционална, социјална заштита и похрабро одење со странскиот капитал и со домашен капитал и она што викаме ние нови форми на социјална заштита, треба да значат охрабрување, а не да биде тоа обесхрабрување и попречување на едни досегашни стандарди и навики.

Мислам дека треба да користиме позитивни искуства дека во Светот се повеќе ќе имаме и обратни случаи на субјекти, кои имаат финансиска можност да бараат една поинаква услуга и еден поинаков третман за кој што се спремни и да платам, да партиципираат со дел од својот имот од низа причини. Зошто да не размислуваме малку посовремено дека се почесто ќе имаме случаеви на луѓе, кои што имаат, кои што работат во странство и сакаат можеби последните денови да ги помиинат во матичната татковина, таму каде што се родени, да не бидат терет воопшто на семејството и пошироко. Ќе повелат со својот имот за доживотно издржување и затоа за таа категорија на граѓани треба да имаме храброст утре да бидат и вградени и посоодветни објекти. Имаме случаеви и гледаме преку медиумите итн.

Она што сите го споменуваме, можеби и преоптоварени, меѓутоа ако 25% од Буџетот оди на социјална заштита, никој не смее да ни забележи како пратеници дека немаме однос кон она што значи потреба од социјална заштита, нејзина злоупотреба и контрола на тоа со отчет преку тој Дом.

Неколку мои колеги го апострофираат најчесто споменуваното прашање на работоспособни, а социјално не обезбедиле. Мислам дека ова прашање ќе биде и понатаму во центарот на оваа социјална заштита затоа што објективно оваа категорија наместо да ни се намалува, таа се зголемува. Постои една опасност, практично, да бараме работа, а бегаме од неа и затоа го спомнав Законот за вработување и, се разбира

Контактите кои што мора да постојат помеѓу овој закон и Законот за вработување, а уште повеќе помеѓу непосредните носители на овие права и извршители.

Сите сме сведоци дека, јас ќе ви пријдам како пратеник индивидуалните обраќања до мене од граѓаните, најчесто се сведуваат на две прашања. Барање работа, и барање социјална помош, или социјална заштита. Со овие прашања јас најповеќе се сретнувам во моите контакти со граѓаните и не само од мојата изборна единица воопшто. И при посети тука ни доаѓаат граѓани од целата држава. Ова се двете работи. Ниеден не дојде, ќе бидам искрен да речам, и тоа им го пренесувам, да понуди донаторство, спонзорство на партијата, член да биде, морам да бидам искрен, не бара, никој не понудил тоа да биде спонзор, сите едноставно ги бараат овие две категории за кои што вчера можеби малку и непријатно, но добро да размениме мислења и на тој план.

Сега се поставува прашањето дали работонеспособен, социјално не згрижен е тој кој што во својата 40-та и надмината 40-тата година прв пат се јавува во Центарот аз социјално вработување за да бара работа. Каде бил тој 20 години? Или случај кој што е многу присутен. Прашањето на технолошкиот вишок и прашањето на партиципација, на она што значат вишок во работењето. Многу луѓе се залетаа по оваа привлечна, да речеме, условно земена категорија, беа 24, па 12 плат па натаму, наваму голем дел од оваа категорија на граѓани не се снајде. Такво нешто не треба да охрабруваме, затоа што сето тоа потоа доаѓа во оваа категорија. После период од две години мислам дека е така, но не е ни битно.

И уште еден случај само карактеристичен овие денови ми е пренесен. Граѓанка бара социјална помош и при таа комуникација каде што нема потполна документација и нема пополни услови дај оствари таа социјална помош ѕвони мобилен телефон. Сите во канцеларијата немаат од својата облека, а оваа граѓанка вади мобилен телефон и им се извинува на тие од кои што бара регулирање на својот статус, вели, ке ве замолам извинете ми се јавува мажот од Германија преку мобилниот телефон. А бара социјална помош. Ова е еден пример, кој што ги следи овие, да речеме, современи токови. Верувам дека ова ќе биде прашање број 1, дали социјалната заштита ќе може да ги оствари сите овие цели од едноставна причина. Никој нема против социјалната заштита да оди во прави раце, во прав обем и на право место. Сите ние сме загрижени дека многу малку средства ќе останат на она што значи трајни потреби, она што значат луѓе работно неспособни и социјално необезбедени, тоа е категорија и сите оние со психички пречки во развојот итн., категории кои што треба да претставуваат основа на оваа социјална заштита. А другото треба да биде променлива категорија, која што мораме да ја разрешуваме и да ја надминуваме со она што го викаме и општествени и стопански и други токови. Инаку, сепак, мислам дека се работи за еден пример позитивен дека со ваквите закони никогаш не треба да брзаме и добро е кога ваквите законски проекти, сепак, во една процедура, но која што не се завлечува, една интензивна процедура од најмногу 12 месеци, се покажа дека може да даде квалитетен закон и се рабзита полна поддршка и од мене и од демократската партија на Македонија. - Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Фаик Абди

VII/5.-

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван претоедателе, почитуван министре, дами и господа пратеници и колеги,

Ме натераа повеќе дискусии да станам да кажам нешто во врска со Законот кој што е многу полезен и корисен и многу потребен на граѓаните, бидејќи Македонија не е дефинирана како социјална држава. Таа помеѓу другото е дефинирана и како социјална држава. Тоа една мала исправка во уставната дефиниција на државата. Меѓутоа, така е заради тоа што состојбите се такви во цел свет, па и кај нас. Старите луѓе како мене, бидејќи имам 60 години викаат да не даде господ човек да потпадне под онаа потреба да живее од таа минимум социјална заштита. Тоа е многу лошо, многу малку, многу бедно итн. Но, што е тоа е. Сигурно е кога ќе запловиме во подобри води, кога нашиот и бруто и нето национален доход ќе бидат многу поголеми, кога нашиот Буџет ќе биде многу поголем од оној како што е сега, сигурно тогаш ќе издвоиме повеќе средства и за ова Министерство, односно и за социјална заштита.

Во светот постои само една држава, а тоа е Австралија каде што луѓето со години примаат социјална помош и кога ќе дојдат до одредени години на старост,. нема потреба да поднесуваат документи дека барале работа на секој две недели, туку веќе нема потреба и тоа му е постојана социјална помош како пензија, додека е жив. Тоа во светот го има само во една држава, Австралија. Дај боже да се мериме со Австралија, да го достигнеме тоа ниво, да бидеме толку богати да имаме толкав доход итн. Далеку сме од тоа. Јас морам ова да го кажам дека, и порано со ова, г-динот Илјаз Сабриу, министер за труд и социјална политика и со сегашниот министер г-динот Насер Зибери имаме доб соработка на ова поле и јас лично овде пред вас, пред јавноста кажувам дека и понатаму

ќе соработуваме и сигурно ќе наидеме на разбирање, со тоа што сметам дека треба да им се укаже на поедини центри за социјални работи, општински итн., да бидат во својот однос малку по хумани. Се разбира, мора да бидат и прецизни и да е во словото на Законот, но сепак работава е до хуман аспект. Па, ете, нека со сиромаштијата се однесуваат, нека се стават во нивна положба и односот нека биде малку поинаков. Инаку, многу право му давам на г-динио Бранко Арсовски, веројатно како претседател на Комисијата за труд и социјална политика, има право ова што го кажа и тоа е инкорпорира во Законот, меѓутоа, не можам да бидам рамнодушен спрема одредени дискусии Мајчин дом да постои или да не постои, односно само во Скоп је и Битоал или обратно, или ич да не постои. Камо среќа кога би се вратиле не знам во кој век кога немало такви случаи. Никогаш немало такви случаи, секогаш имало. Или, сега со ова ако донесеме, ако кажеме и во Битола и во Скопје ќе има Мајчин дом нема да ги осоколиме младите, да ми простите, само деца да фрлаат во мајчини домови. Сигурно дека нема да биде на штета, тоа е грижа, се случува. И не сакајќи тоа може да се случи. Инаку, оној предлог Скопје, па Скопје и за други работи се зборува за Скопје, интересна работа, јас колку што знам многу сериозно за себеси, многу сериозно после мојата полнолетност да речам, сите сакаа и од провинција и до било каде да живеат во Скопје, да дојдат во Скопје. Колку жители има Скопје - скопјани, прави скопјани , многу малку тие се дојдени од некаде како функционери па останале тука итн, итн. али сите го критикуваме Скопје а сакаме да живееме во Скопје, а тоа се работи кои што не држат, а дали треба дали на тоа бебе ќе му се даде млеко во Битола или во Скопје и сегде е исто бебето но во Скопје е поголем трошокот, во Битолаке се затвори и ќе остане без работа персоналот, зградата ќе остане за други употреби итн. Затоа е тоа јасно два и два се четири.

Инаку, знам дека од аспект на социјална еднократни помошти да кажам еден пример од порано да речеме во периодот од 1974 година во месната заедница каде што јас бев пратеник таму, а тоа е Шуто Оризари и цела Скопска Црна Гора,16 села мислам дека толку беа практикувавме да речеме секој вторник попладне од Центарот за социјална работа ќе дојде човек со тие молби што ги дадоа луѓето и ќе седне заедно со Комисијата на месната заедница за социјални прашања да решава по тие прашања, зашто они најубаво ги знаат граѓаните, дали се од таква потреба или не. Се јавуваа понекогаш се јавува односно може да се случи да во Комисијата имаме човек поставен човек расипник повеќе ги испитуваше жените^ на војниците, па не знам кој потоа јас го избркав му велам не ги мачи луѓето. Па не е лошо да се размислува за вакво нешто тоа ќе биде само од корист инаку во подмолност го поддржувам Законот и интересна работа минимум социјална заштита колкава, толкава барем обезбедува нешто како ќе расте нашиот општествен производ дали ке бидеме економски повеќе така ќе јакнат и тие средства за оваа намена. Ова е одговор на сите граѓани кои што доаѓаат бараат прием и овде во Собрание и на други места бидејќи со тие пари не можат да живеат, се знае дека не можат. Но домаќин човек и со тие пари може да купи врека брашно, шеќер, две три кила масло, две-три кила ова - она. За -итни случаи јас да ви кажам и се обраќам кај министерот и кај некој други таму што се досега не бев одбиен. Ви благодарам на вниманието и со две раце гласам за овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани колеги, почитуван г-дине министер и други членови на Владата.

Јас сакав само да се придружам на ова што беше истакнато во врска со овој закон и јас го делам мислењето дека е тој еден од, условно речено, еден од поквалитетните закони кои досега сме ги донеле во овој наш мандат. Мислам дека е донесен во една многу чувствителна сфера, се обидува и успева да ги заокружи некои односи, кои што можат да бидат од поширока полза на граѓаните, кои што се нашле во ризична состојба по разни основи и по разни услови на живеењето. Тоа мислам и на дефинирањето на социјалните ризици, па и на установите и нивните видови, мислам и на постапката за остварување на социјалното згрижување при заштита, иако мислам дека министерот, верувам и Министерството е самото свесно дека зад овој дел, кога се работи за постапката за остварувањето на тоа право, веројатно, ќе треба со внатрешните критериуми кои ќе се донесат уште да се доработат некои работи, кои што во пракса веќе се покажа дека можат да внесат субјективизми или да се надминат тие субјективизми во таа реализација.

Сакав две-три работи во начелна расправа да ги подвлечам.

VIII/1,- СЈ-ВБ

**ХИСЕН РАМАДАНИ:** (прродшжение)

Мислам дека од нашата дискусија по овој закон не би требало да се извади заклучок, наш, внатрешен и јавен дека под дефиницијата социјална држава ние ја сведовме работата на социјална заштита. Дефиницијата социјална држава е многу поширок поим отколку што е сверата за која што денес расправаме и не се покрива, сеедно што сега добро сме насочени ова прашање да го разрешиме, не се исцрпува со оваа свера.

Социјална држава е дефиниција која зафаќа и во сферата на економските односи и на целиот општествен развој и да не зборувам за сите други елементи. Според тоа, ве молам, малку дури и ризично е ова инсистирање на ова прашање да се сведе тоа врзано за дефиницијата социјлна држава.

Инаку, самата дефиниција како филозофија е обратно пропорционална по прашањата што денес овде ги решаваме по овој закон. Социјална држава е онаа која што има најмалку број луѓе кои што треба социјално да се згрижат, а има најголем дел од населението кое што е економски осигурено. Тоа е социјална држава. Таа гради таков систем.

Оваа дистинција, се извинувам, многумина од вас тоа исто така го знаат, можеби некој подобро од мене, сакав само да го подвлечам па да не бидеме и од јавноста и пошироко до тоа обратно сфатени од она што е наша уставна определба, дефиниција и интенција.

Најпосле сакав да кажам уште за еден институт кој што не важи само за овој закон бидејќи сум расправал и по повод другите закони за јавното претпријатие како што беше за телевизија, па потоа за законите за основно и средно образование, па нема да ми замери и г-динот министерот Илиев што и овде ќе го кажам иако знам дека сеуште не е зрела за таа работа оваа состојба односно нашата определба,во овој момент, па и не поднесов амандман, а сакам да укажам.

Тоа е прашањето врзано јавните установи и инокосно индивидуалното право на органот да именува директор и орган. Тоа важи за сите јавни. Сега зборуваме за установите од социјален вид. Меѓутоа тоа важи и за училиштата и. за сите други јавни претпријатија и за комуналните и за другите. Мислам дека Собранието еднаш треба да се седне по ова прашање да расправа навистина сериозно.

Јас мислам дека е многу ризично оваа ориентација сите јавни установи да бидат овластувани за инокосен индивидуален орган. Прво, тој орган го оптоваруваат со проблеми, кој најверојатно можат негативно и нему лично а и пошироко да се сетат на групацијата односно и на партијата на која му припаѓаат. Јас , напротив, дури некогаш ми е жал за г-ѓа Софија Тодорова пред какви тешкотии наидува при именување на директори на училиштата. Само затоа што е ставен товар на индивидуалниот орган место да се префрли на колективниот за да има поширока поткрепа и самото решение, а на еден начин и една поширока обврска да таа на база на консултации на самиот колективен орган му реферира за тоа каква е расположбата.

И, уште нешто да кажам, мислам дека за тоа е лажна претставата дека со тоа што инокосниот орган добива такво право на партија на која му припаѓа тој инокосен орган нешто добива со тоа што може да именува такво нешто.

Мислам дека ефектите од пракса се покажаа•обратни. Тој добива еден човек, а многу губи внатре ако за таа определба не се обезбедени сите други услови. На пример, пак ќе ги земам училиштата за пример оти овие пропратни установи на социјалните институции уште не ги знам. Ако тој предлогот не е засниван на предлогот или на мислењето на школскиот да речам одбор, на Советот педагошки, на други пропратни органи кои што се за таа свера, ефектот е обратен. Ефектот е обратен од

она што сака да се постигне и во квалитетот, но и во она што претставува јавно мнение за таа работа. Се разбира, кажав, дека сега очигледно не сме подготвени за оваа работа, меѓу- тоа јас би молел, користам прилика Владата малку да го разгледа бидејќи се работи за закони кои што сега ги носиме а и ќе ги носиме и понатаму да ги растовариме министрите од таква обврска која ги оптоварува сакале тие или не во една состојба во која и лично треба да одговара место колективитетот односно место колективниот орган да си ја земе таа одговорност, поширока, која би била. Мислам конкретно, г-дине министре на член 51, алинеја 2 или 3, не знам точно која, но сеедно мислам на институтот. Значи институтот индивидуален инокосен орган и јавна установа и нејзиниот управен орган кој што ќе биде именуван.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека, бидејќи бев јас еден од говорниците кога го употребив терминот односно атрибутот социјална држава и да не настане забуна дека не го разбираме тој атрибут, го разбираме тој атрибут дека има широко општествено значење, дека е многу поширок и го прифаќам комплетно образложението на г-динот Хисен Рамадани, меѓутоа јас како дискутант кога дискутирав, а не дадов такво образложение на овој атрибут, сакам само да потенцирам, дека овој закон го гледав само еден дел од тој атрибут социјална држава. И, така да бидам сватен

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи никој не бара збор, повеќе, го заклучувам претресот

Предлагам пауза за ручек до 15 часот.

(Паузата започна во 14 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,40 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Доцнењето на продолжението на седницава дојде поради барање на две пратенички групи- за консултации во врска со Законот за избирачките места.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот за социјална заштита.

Пратениците Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Аце Коцевски, Слободан Даневски, Николина Трајановска и Илија Каров поднесоа амандмани на член 17, на член 19 став 2 за менување на алинеја 1, на член 37, на член 75 став 3, на член 81 за додавање нов став по ставот 2 и на член 106 по кои Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 35 став 4, на член 40 став 1, на член 43 став 1 и 2,на член 49 алинеја 4 и член 113 став 2, на член 51 став 2 и 3, на член 108, на член 124 став 2 за менување на алинеја 1 и на ставот 3 и на член 127 став 1,алинеја 1 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Славчо Чапов поднесе амандмани за бришење на член 5, на член 7 за бришење на став 2, на член 8, на член 24 за менување на став 2, на член 25 и на членовите 126,127 и 128 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Санде Давчев поднесе амандмани на член 8 0 став 1 и за додавање нов став 2 по ставот 1 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандмани на член 56, член 61 став 2 и на член 133 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Панчо Минов поднесе амандмани на член 2 9 за менување на став 2 и за додавање нов став 3, член 34 за менување на став 2, член 35 став 2 за додавање нова алинеја 3 по алинејата 2, член 51 став 3 и на член 57 став 1 и 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Љупчо Мешков поднесе амандман на член 51 став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 90 за додавање нов став 4 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Димитар Трпеновски поднесе амандман на член 51 став 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5 поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Чапов.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Господо пратеници, мислам дека член 5 и во дискусијата реков дека држи место да се брише затоа што осем социјалната за- штита и социјалната сигурност на граѓаните во овој член е опфатено сите моменти од посебни закони што се однесуваат за вработување за стипендирање итн. Дали нема да се во колизија со другите закони со овој член 5.

Бидејќи сум овде на говорницата сличен амандман е на член 8 ако веќе член 5 не се брише тогаш треба член 8 да претрпи измена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Зибери има збор.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Чапов го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-дин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Салвчо Чапов го повлекува амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 17 поднесен од пратениците Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Аце Коцевски, Слободан Даневски, Николина Трајановска и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Зибери.

VIII/7.-

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Овој амандман заслужува повеќе внимание од причина што и во општата расправа воглавно имаше дилеми и полемики околу ова прашање. Се работи за една здравствена установа во рамките на која установа беа сместени деца без родителска грижа односно без родите;

Мислам дека пратеникот Владимир Соколовски кажа се што се однесува до развојот и престанокот на функционирањето на оваа установа и не би сакал да се навраќам уште еднаш, само ќе потсетам, заради јавноста, со оглед на тоа што ја следи оваа расправа. Со овој закон не е апсолутно точно дека се укинува некаков мајчин дом во Скопје. Напротив, и самиот пратеник рече тоа е направено 1987 година, со одлука на тогашното Градско Собрание од познати причини. Дури, во одлуката кога е заземен ваков став се барало и одговорност за лицата кои иницирале формирање на ваква установа. Тоа е едно.

Второ, амандманот не може да се прифати од причина што се бара во рамките на постојниот ортопедски завод кој е дел на клиничкиот центар Скопје да се отвори оддел каде би биле сместени деца без родителска грижа односно деца без родители.

**НАСЕР ЗИБЕРИ** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Прво од концепциски аспект не можеме да го прифатиме од причина што овој Завод во рамките на Здравствен дом Скопје, односно Клинички центар е здравствена установа која кружи здравствена заштита додека згрижувањето на децата без родители е прашање на социјална грижа, односно социјална заштита и за таква грижа е потребна специјална установа од ваков тип и од ваков карактер.

Второ, мрежата на установите од социјална заштита ќе се утврди дополнително со програма за мрежа која ќе биде утврдена од страна на Владата на Република Македонија. Не сум мотивиран од никакви локални ни било какви други мотиви да не се прифати амандманот, а оваа дискусија важи и за следните амандмани, односно исто прашање кое се провлекува низ други членови, туку напротив цениме дека треба уште еднаш во рамките на Министерството, а ако сакате и пошироко да се изврши анализа на конкретни состојби од потреба на постоење на уште една ваква установа. Доколку цениме дека тоа навистина е потребно кадровски и со други потенцијали можеме да го издржиме нема никаков резон ние да бидеме против тоа. На против Министерството како такво е заинтересирано да се развива мрежата на социјални установи. Но, подвлекувам уште еднаш не во рамките на Клиничкиот центар.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Што значи за амандманот?

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа.

IX/2

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги. Јас и во својата дискусија спомнав дека точно е дека во 1987 Мајчин дом - Скопје је укинат и официјално и точно е тоа дека во тоа време тие луѓе кои го укинале согледале дека некаква рационализација требало да се направи во тој момент. Но едно друго е битно. Битно е дека функцијата на тоа одделение кое подоцна прераснува во одделение на Клиничкиот центар на Ортопедска клиника - Скопје практично и продолжило и понатаму. И сега во тоа одделение кое има 25 кревета за новороденчиња со одредени аномалии и 5 кревета за мајки со деца дефакто се врши слична, или идентична функција на згрижување на деца, на новороденчиња најдени и на мајки кои имаат социјални потреби од таков карактер. Целта на мојата дискусија беше да се даде на размислување на Министерството и конкретно ако постои начин да се вгради во овој закон таквото одделение да постои, не мора да биде одделение, може да биде установа, може да биде било кој статус да го има во градот. Но факт е дека на овој град со 700.000 жители треба и мора да постои такво одделение не само затоа што постои една традиција од аспект на веќе постоечкиот порано Мајчин дом и постои една традиција на згрижување на тие деца и мајки, туку затоа што навистина еден ваков град има потреба од една таква функција. Затоа велам дека со овој амандман направивме обид на некој начин да го сместиме тоа одделение во некаков статус кој ќе биде легален. Ако Министерството има свое решение подобро, нека го понуди, ќе се прифати секако. Меѓутоа пак напомнувам дека неопходноста на ваква установа, или одделение, по кое име ќе се регистрира е неопходна на еден ваков град од 700.000 жители.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувана господо,

Јас се јавив само да побарам од предлагачот на законот да во законот само така можеме да допринесеме и да помогнеме да биде предвидена можноста за евентуално отворање на таков дом во Скопје.

Мислам дека малку ме испровоцира и дискусијата на господин Тантаров кој се стави во улога на Влада дека оваа држава нема пари за да финансира за вакви установи и дека со хеликоптери децата ќе бидат носени ако треба за Битола. Мислам дека тоа е така малку несериозно. Мислам дека државата секој пат мора да има пари и веројатно има желба да има пари за вакви намени. Според тоа мислам дека Владата со предлогот мора да допринесе барем законска можност да може да постои една таква установа во Скопје.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Господине Станковски па зошто да не се носат со хеликоптери во Битола. Кога вас ви е тешко да ги носите и тврдите дека Скопје е многу далеку од Битола.

Друго, јас не се ставив денес во улога на Влада да бранам дека нема потреба од два дома. Се ставив во улога да кажам дека нема навистина потреба од два дома што ќе бидат под капата на еден буџет што секоја година од ден на ден се намалува.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседтеле, дами и господа пратеници,

Би го прифатил ова што го кажа генерално министерот за труд и социјална политика, но низ јавноста провејува едно друго прашање кое лебди во воздух дека ова се прави во интерес за кандидатот на СДС, градоначалникот кој не успеа за град Скопје господинот Угриновски дека неговата фирма Неуромедика треба да го купи. Мислам дека се прави голема штета затоа што ако ова се прави заради овие причини, мислам дека се прави голема грешка.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Малку да дообјаснам за проблемот бидејќи прилично го познавам тој проблем и не коректно е да раправаме за тие деца и оние мајки кои имаат потреба од едно такво сместување и заслужуваат малку по

коректен однос заради тоа што мислам дека таа категорија на граѓани и покрај тоа што се наоѓаат во таква положба има потреба да ги вреднуваме како личности кои заслужуваат. Кога се работи за поставениот амандман мислам дека Комисијата за труд и социјална политика немаше можност да расправа за него, меѓутоа набрзина се собравме и дадовме ваква констатација. Не може да се прифати амандманот од формапно-правен аспект. Најважен аспект е тој. Зошто? Овој клинички центар е регистриран како Здравствена институција и тој влегува во системот на здравствена заштита и со законот за здравствена заштита е така регулирано. Меѓутоа, не може сега една иста институција да биде и во областа на социјална заштита. Тука е најважниот проблем. Суштината за потребата дали има потреба и јас викам дека има потреба. Меѓутоа, најголеми виновници за еден капитален објект што го имавме во социјала како презентација на убавината на еден објект кој беше за заштита на деца без родители и родителска грижа тоа се функционерите кои за тоа време раководеа во Скопје. Немаше голем отпор. Тие придонесоа за тоа време зборувам овој дом од социјална заштита да оди во областа на здравствената заштита. Меѓутоа, лично мое сега предлагање какво е решението сега во смисла на ова. Мислам да помогнеме и на децата кои се сместени таму и на луѓето кои работат таму, меѓутоа и на Министерството е во тоа.

Член 75 од предложениот закон може да го реши проблемот во извесна смисла ако допушти условно зборувам дека домот за деца без родители и родителска грижа "11 Октомври" може да згрижува деца од 0 до 18 годишна возраст, а во тој контекст да има истурена единица во овој Клинички центар на име на простор. Така што во таа смисла мислам дека е едно решение кое може Владата со посебен акт во однос на мрежата на социјалните институции тоа да го разреши. Инаку во спротивно е дозволено на секоја локална самоуправа со другиот член да може да ги проширува мрежите на социјални институции во рамките на своите материјални можности, меѓутоа Републиката односно Министерството за труд и социјална политика не влегува во финансирањето на таа категорија. За да го финансира овој објект единствено решение е "11 Октомври" да ја прошири дејноста, меѓутоа со една посебна анализа

од Министерството за труд и социјална политика. Така што овој амандман сега, мојот колега Владо нека извини, нема формален правен аспект.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван пртседтеле, почитувани пратеници,

Се сопнавме таму каде што не треба. Се донесува закон за социјална заштита кој што ги регулира односите во социјалната заштита. Секако ако сте го читале законот се гледа дека сите категории на кои што им треба социјална заштита тие се вметнати таму и начинот како треба да се обезбеди таа социјална заштита. Ставени се и институциите кои што треба да се формираат кои што ќе се грижат за спроведување на социјалната заштита. Овде овој амандман, јас ќе се вратам некаде во 1977 година кога Мајчиниот дом стана дел од Клиничкиот центар. Фактички во тоа време требаше во нашава држава да се формира Балкански центар за ортопедија. И само заради тоа, заради просторните решенија што требаше да се направат тогаш се отстапи на Клиничкиот центар за да еден дел остане и понатаму да функционира и да биде под заштита и здравствена и социјална што мислам не е во склопот на овој закон што денес го носиме. Апсурдно е ова сега да доведе до едни лични расправии и меѓуградски на ниво н а државава што мислам дека не му е местото а секако во делот на законот каде што се дава права за формирање на центар за социјална заштита. Нас можеби овие ни се многу, утре можеби ќе кажеме дека овие центри ни се малку во делот на категоризацијата на луѓето на кои што им е потребна таа заштита да отвориме и други центри. Дај те да видиме, да не ги мешаме едниот закон со другиот закон. Да не го мешаме законот за здравствена заштита со законот за социјална заштита. Секој си има своја намена и свој извор на финансирање и своја организација. Па според тоа мислам дека апсурдно е да расправаме за овој амандман да се вметне во овој закон, а да не бараме решение за ниедно дете на кое што му треба сместување, односно социјална заштита, за да не биде на улица. Уште едно треба да напоменам, ќе видиме анализите ќе покажат една друга работа што мислам сите овде ја знаеме дека денеска после три месеци

децата сите одат надвор од Мајчините домови, се згрижуваат во фамилии. Тоа е законска обврска. И за жал денеска во нашата држава децата се многу барани дури можеме да расправаме некаде и злоупотребувани.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Најпрво една реплика со д-р Николов.

Ова не е борба меѓу два града, туку нешто поголемо од борба, затоа што таа е столицата сака да наметне нешто што не е добро да се направи. Мислам дека министерот Насер Зибери кога даваше образложение и не го прифати овој амандман кажа се. Јас имам сознание дека скопските пратеници од сите партии денес направија една коалиција за скопскиот дом за мапи деца да се вклучи во финансискиот круг на Министерството за труд и социјална политика. Значи дали во нашава држава ќе имаме два дома за мали деца и доенчиња се зависи од изнесувањето на пратениците по амандманот што денес е на дневен ред. Веднаш да кажам дека јас ќе гласам против овој амандман. Ве повикувам и Вие господо пратеници да гласате против овој амандман. Зошто? Кажав во општата расправа по овој Закон. Да не ве заморувам г-да пратеници ќе ви кажам накратко основните работи со кои ќе се убедите да гласате против овој амандман.

Прво, Македонија е мала земја и нема потреба од постоење на два вакви домови за мали деца и доенчиња. Може за еден час да се помине прекутрупа секаде.

Второ, буџетот на државата не може да поднесе нов товар во услови кога секоја година како што реков и пред малку се намалува.

Трето. Домот за доенчиња и мапи деца во Битола што е граден и опремен и обезбеден со кадар според барањето на Европа е доволен за да ги задоволи барањата на овој план на државата и за наредниве 10 до 15 години. Сега за сега во овој дом има само 100 деца, а може да собере над 150 деца.

Четврто. На крајот традицијата од над половина век успешна работа на домот за доенчиња и мали деца во Битола е добра гаранција за уште поголеми успеси на овој план во социјалата.

И нешто друго домот за доенчиња и мапи деца од Битола не е ниту ќе биде монопол во оваа сфера на социјалата. Јас не знам од каде мојата пријателка д-р Куљан најде за згодно да каже на оваа говорница дека домот за доенчиња и мали деца од Битола е некаков монопол. Од овие причини се надевам дека амандманот што го поднесоа г-дата од Либерапно-демократската партија нема да биде прифатен. Јас се надевам дека битолските пратеници ќе станат, ќе кажат нешто повеќе околу овој проблем.

**РАТКА КУЉАН:**

Бидејќи пратеникот Тантаров ме спомена два пати ќе му одговорам дека не прави разлика меѓу суштина и форма на некоја работа и неговото тврдење дека сака да не не замори не го исполни оти веќе не замори повторувајќи ни го стално капацитетот на домот во Битола и на тој начин настапувајќи апсолутно локап-патриотски, значи за Битола. Не ја сфати суштината на дискусијата дека се потребни два дома каде и да бидат сместени. Јас реков а за демонополизација на дејноста како контролен механизам во меѓувреме додека не воспоставиме други.

Господинот министер објасни дека е склон да го прифати тоа уште повеќе се запага за тоа дејноста да функционира на тој начин. Она за што дел од пратениците дискутираа е да се одвои оваа дејност од клиничкиот центар, односно здравствената од социјалната. Бидејќи овој аманднан не го прави тоа, јас ќе гласам против овој амандман, а пак сум за демонополизација, значи постоење на најмалку на две места на такви центри. Тоа е суштината на дискусијата која што г-динот Тантаров не ја разбра.

X/1 СП/ПН

**МАРЈАН НАЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, колеги пратеници, јас знаев дека само во Бугарија има Ванѓа, меѓутоа, дека и во Македонија има Ванѓа и тоа од Либерално демократската партија не знаев и мислам дека не е коректно да се спомнува името на г-динот Угриновски, бидејќи навистина во медицината многу значи, а да се прераскажуваат некои работи што би било кога би било, пак би повторил, не е коректно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

(Никој).

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 2 за менување на алинеја 1, поднесен од пратениците Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Аце Коцевски, Слободан Даневски, Николина Трајановски и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Овој амандман произлегува од првиот по однос на член 17 и од тие причини не може да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Прво, би сакал да кажам да не настане забуна, бидејќи не бев присутен кога моите колеги од ЛДП ги доставија амандманите и јас не успеав да се потпишам, па дополнително дадов допис дека се приклучувам кон овие амандмани и мислам дека треба да се прочита во текстот на предлогот за амандманите.

Во членот 19 алинеја 2 се бара само дообјаснување на кои деца се однесува ставот 2 и амандманот е едноставно го проширува значењето на поимот децата кои се прифатени ќе бидат прифатени на здрави и хендикепирани деца. Тоа значи се додава едно дообјаснување на поимот кои деца се опфатени во ставот 2, а не се однесува, како што рече министерот, на барањето од членот 17. Повторувам, само дообјаснување на поимот деца кои веќе се опфатени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 24 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа од причини што дефиницијата што подразбираме под семејство е дадена во Законот за семејство и тука само е пренесено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Чапов.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Г-дине министре, ќе се обратам директно до вас, цитирам: "член 24 став 2 од Законот стои како семејство во смисла на овој закон се смета самец или заедница на маж и жена, на родители и деца и други роднини кои живеат со нив и се должни согласно Законот за семејство". Го цитирам амандманот "како семејство во смисла на овој закон се смета самец или заедница на маж и жена, на родители и деца и други, согласно Законот за семејство".

Зошто да стои и други роднини кои живеат со нив да правиме малверзации во центрите поради законот кога овде во амандманот пишува согласно Законот аз семејство. Тоа не ми е јасно, ако партиски гледаме на амандманот, мислам дека не треба. Тоа за вас и олеснување на сите центри за работа.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Апсолутно партиски не се гледа на амандманот, јас објаснив дека дикцијата, формулацијата е земена од Законот за семејство, вие само вршите скратување на две реченици, ништо друго.

Кој е за, молам да крене рака? (33 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 25, поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Се плашам да не ми се префрли пак, амандманот не можеме да го прифатиме од причини што овие стапки кои се дадени сега тргнуваат од последните состојби и зголемувањето на 2% би значело ново зафаќање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Чапов го повлекува амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 29 за менување на став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, почитуван министре, членот 29 став 2 регулира дека условите, критериумите и начинот на остварувањето на правото од став 1 тоа е правото ќе повторам, најексплоатирано за парична помош на лица кои се способни за работа, а се социјално необезбедени, најширока структура на корисници опфаќа во остварувањето на ова право предвидено е конкретните регулираности и уредување на односите како до сега ги прави со посебен акт Владата. Јас укажувам и тоа е причината за поднесување на овој амандман, дека таквата досегашна регулатива од страна на Владата, пред се од законодавно-правен аспект уредување на односи кои значат услови, критериуми и постапка за остварување на право. Ќе повторам, за многу голема структура на граѓанство која се однесува во делот на нивното материјално, социјално обезбедување, сметам дека не е во ред, пред се, од законодавно- правен карактер, тоа не е предмет на регулирање на извршна власт, тоа треба да го реализира, тоа е со сите исполнетости предмет на регулирање на законодавната власт. Затоа, суштината на амандманот укажува дека условите, критериумите и постапката треба со програма да ги донесе Парламентот додека она што значи спроведување на тие критериуми во делот на паричниот надомест што им припаѓа што значи начин на остварување, ограничување, ослободување, тоа како една оперативна материја да биде уредувана со акт на Владата.

Ќе ви кажам неколку примери кои се многу присутни во реалноста во однос на задоволување на ова право токму поради причината на таквата крутост до сега во уредувањето на овие односи или слобода и простор на неуреденост што потоа се користи за случаи во остварување на права на социјално загрозени лица фактички со тоа се добива нерамноправност на лица на кои им следува да ги задоволуваат правата

заради формалности, а не ги остваруваат или на тие што не им следува поради штимање на формалностите на документацијата им следува.-Тоа се прашањата што е семејство. Еве и овде се спомна дека тука спаѓаат сите. Заедница на маж и жена, деца и родители и други роднини. Најмногу проблеми се јавуваат околу тоа што се јавува кај социјалниот работник кој ги остварува правата од задоволување на оваа социјална заштита каде во толкувањето што е семејство, што е заедничко домаќинство се дискреционо значи на слободна волја се цени некогаш дека тоа е маж, жена и деца, а некогаш се цени ако нивните деца имаат семејство дека не можат да добијат задоволување на ова право од аспект што друг таков институт единица носител на социјалното право веќе во тоа семејство го има.

Потоа се проблемите со недвижен имот кој се обработува или не се обработува како ограничување исто така да не се оствари ова право. Потоа имателството на коли некои стари коли по 20-30 години или по кубикажа, исто така се голема пречка на луѓето кои, кога не биле во социјално независна состојба го имаат стекнато тоа како имот сега им е голема пречка да го остварат и се доаѓа до една нерамноправност кај тие, ќе повторам, им следува не можат да го остварат, а оние кои формално поднесуваат документи инаку фактички не се социјално загрозени, примаат таква социјална помош. Од тој аспект нормално е претставникот на Владата да не го прифати овој амандман, затоа што амандманот е едно одземање на овластувања на Владата, а е во функција на афирмација на надлежностите на Парламентот и во таа насока ве повикувам истиот да го усвоиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за, молам да крене рака? (14 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека решението во законот го подразбира и од тие причини не треба да се оптовари текстот, речено е помош во натура во смисла на овој закон се подразбира обезбедување на облека, исхрана и други работи, што подразбира и тоа што вие го истакнувате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас го сватив министерот дека објаснувањето му беше во насока да го прифатиме амандманот. Ова е проширување на постојното социјално право за еднократна парична помош која сега е проширена и во утврдување со законот дека може да се исполнува во натура. Најчестите потреби на социјално загрозените лица тоа се во периодите на зголемени трошоци на живеење се состојат не во исхрана и облека, туку токму во обезбедувањето на огрев, учебници за рамноправен старт

на сите деца во обезбедувањето на школството, и потоа како што стои и во членот за задоволување на другите неопходни услови за живот.

Мојот амандман е формулација да стои, се подразбира, зошто се подразбира? Повторно ќе се вратиме на претходниот амандман ако се подразбира тоа остава дискреција и слобода на социјалниот работник да подразбира дали во дадениот случај ќе земе во предвид нешто или не. Формулацијата што јас ја предлагам еднократната социјална помош во натура, се состои, а не се подразбира во облека, исхрана и како што стои тие двете во предлогот на Владата и со едно проширување да не се подразбира, туку точно да се утврди и во обезбедување на огрев и учебници.

Исто така ве повикувам овој амандман да се усвои.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Видете, не сакав ни претходно да се вклучам во дискусија ни сега, мислам Панчо Минов малку навлегува во една материја која можеби послабо ја познавате, се работи за социјални престации кои можеби не е употребен терминот социјални престации кој подразбира давање и чинење на услуги односно ова што предвидува законот. Според тоа мислам дека е правилно постапено во овој случај и нема потреба да се прифаќа амандманот. Тоа ви го кажувам не од аспект на СДСМ, туку чисто од стручен аспект.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас можеби по не се разбирам за книги во однос на социјалната проблематика во споредба со колегата претходен дискутант, но овој амандман е токму предложен од големиот број странки и граѓани кои ме комуницираат како пратеник и нивните исклучиви права се однесуваат токму во овој период на моментално живеење на зголемени трошоци на живот и тоа се обезбедувањето на огрев, како и претходно што беше учебници за децата. Сега никој не бара милостиња во исхрана и облека, тоа е веќе надмината работа, туку вистинските трошоци на живеење. Ако веќе се определуваме за еднократна интервенција во натура, реално се состојат во овие намени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за, молам да крене рака? (14 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 2, за додавање нова алинеја 3 по алинеја 2, поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа, оваа категорија е опфатена во член

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Минов

**ПАНЧО МИНОВ:**

Повторно не е точно дека е опфатен во цитираниот член од министерот, се работи за самохрани родители со малолетни деца до 3 години. Овде во амандманот новото право за обезбедување на домување на социјално загрозените лица ги опфаќа покрај категориите на постојана парична помош и на втората категорија на деца без родители или родителска грижа да опфаќа и категорија на социјални корисници од типот на самохрани родители со малолетни деца до 18 години и тука не значи автоматизам во задоволувањето на сите, бидејќи во истиот член ставот 4 го овластува министерот тој да го донесе актот со кој ќе ги одреди условите и критериумите за задоволување на ова право. Не гледам причина зошто да не се усвои како амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 4, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 37, поднесен од пратениците Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Аце Коцевски, Слобдан Даневски, Николина Трајановска, Илија Каров и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Има збор г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот е резултат на претходните од членот 17, 19 па навака. Од тие причини не може да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 1 поднесен од ЗКП:

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 3 став 1 и 2 поднесен од ЗКП.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

**И овој амандман се прифаќа.**

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 9 алинеја 4 и член 113, став 2, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 50 став 2, поднесен од пратеникот Љупчо Мешков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дино Мешков.

X/13

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Овој амандман го предложив од причина што ми е познато и неколку случаи од судската пракса каде што како едно од елиминаторните услови во конкурсите каде е работното искуство веќе целосно се брише, меѓутоа, овде уште повеќе што овде се работи за работно искуство што се бара од четири години по дипломирањето. Мислам дека во тој случај се прави неправда спрема одредени луѓе кои долго години работат во одредени центри за социјална заштита било од која дејност да се, луѓе кои дипломирале на пример пред 2 или 3 години, а 20 или 25 години работеле во тие центри и тие сега со ваквата одредба се наоѓаат во понеповолна положба од луѓе кои можеби однадвор ќе дојдат со 4 години работно искуство и ќе бидат раководители, директори на соодветните центри. Значи, со ваквата одредба веќе е застарено мислам дека и судската пракса покажа дека вака не може да се елиминираат луѓе со тоа што двајца дипломирани во одредена струка едниот има 4 години работно искуство другиот има три, зборувам по дипломирањето, се ставаат во нееднаква положба и се елиминира вториот што е со помало работно искуство и као можеби 15 или 20 години работел во соодветната струка. Затоа мислам дека ваквите елиминаторски услови мислам дека често пред судовите паѓаат значи ни судовите не ги прифаќаат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 2 под- несен од пратеникот Димитар Трпеновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа од проста причина што се ба- ра да се брише условот работно искуство.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Во никој конкурс што се објавува не стои работно искуство. Доколку постои таков дополнителен критериум во законот се инагурира една неуставна категорија. Во ниеден конкурс за директор не смее да постои лимитирачки фактор. Впрочем министерот ја врши крајната оценка. Критериумите се тие што се негови. Зошто сега министерот си става и друг лимитирачки критериум , се што е до 4 години неспособно само она што има 4 години работно искуство тоа е способно и само од тоа купче може да се бира. Уставен третман не признава дополнителен критериум. Сите конкурси што излегуваат за јавните здравствени организации и други јавни установи стои високо образование. Дури целиот член мислам дека неуставен затоа што кажува дека само од овие установи можат да конкурираат луѓе таму. Секој човек што има високо образовани

му е достапна секоја функција во општеството. Тоа е уставна одредница. Мислам дека немате потреба од тој критериум. Затоа што Вие го вршите изборот. Ако е така напишете и други дополнителни критериуми. Немате потреба од овој критериум. Само може да дојде на Уставен суд и после да имате проблеми.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ве молам, па не е ова прв пат што се става ваква одредба. По сите закони, кога се бира раководно лице се бара минимум работно искуство. Претпоставете човек кој нема година или две искуство, доколку ја бришеме одредбата,може да се избере за директор на многу значајни установи како што Центар за социјална работа, Старечки дом, Завод и т.н. Мислам сепак заслужува внимание, човекот кој што ќе се избере да има едно работно искуство.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

А што ќе правите ако никој не се пријави, што има 4 години работно искуство.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ќе се повтори.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Па затоа отворете го просторот да влезат сите луѓе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 2 и 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 3 поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 56 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5 7 став 1 поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа.

XI/4.-

**ПАНЧО МИНОВ:**

Во членот 57 во Предлогот на закон за поздравување е тоа што се институнационализира работно ангажирање во социјалните работи за волонтери. Тоа е еден голем простор за работно ангажирање на стручни кадри од више и високо образование во што сум убеден дека многу ефективни резултати ќе се добијат како во непосредните увиди во социјалните состојби на социјално загрозените лица и семејства, така што и она што најмногу боли, во делот на злоупотребите на социјалната сфера, на корисници на кои тоа не им следува. Но, предвидувањето тие волонтери таа работна ангажираност , а тоа се млади стручни кадри од профилот на психолози, педагози, правници, економисти и т.н. , тој работен ангажман и тој ентузијазам и таа своја претпоставка за ефектуирање со резултати во сферата на социјалните работи го обавуваат без надоместок, по мене е илузорно. Во таа насока е и предложениот амандман. Но со уверување дека ќе наиде амандманот на разбирање кај ценетиот министер, што тоа не се случи, не сакам пратеничката група на СДСМ да не гласа по амандманот и затоа го повлекувам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 61 став 2 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

отворам претрес по амандманот на член 7 5 став 3 под- несен од пратениците Владимир Станковски, Зоран Шапурик, Аце Коцевски, Слободан Даневски, Николина Трајановска, Илија Каров и Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Овој амандман се повлекува од член 17.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 80 став 1 и за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот пс амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (б)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 81 за додавање нов став по ставот 2 поднесен од пратениците Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Аце Коцевски, Слободан Даневски, Николина Трајановска Илија Каров и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

XI/6.-

Отворам претрес на член 90 за додавање нов став 4 под- несен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Прво едно објаснување.

Пратеникот веројатно ќе ми забележи не се однесува на членот на кој се повикува, членот 90 затоа што тој регулира друга материја. Веројатно се однесува на член 84. Но, без оглед, тоа прашање е регулирано и решено со член 103.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Господине министре, не е грешка затоа што намерно е ставеново член 90 каде што пошироко се определуваат услови за основна социјална заштита. Имено амандманот овозможува старо лице кое ма приход може да склучи договор за сместување во установа за стари лица.

Јас во еден од сегментите на овој закон најдов визии за еден поинаков однос и третман на она што значи социјална заштита со полн респект дек асоцијалната заштита не секогаш треба да значи сиромаштија. Мојата визија е , во оваа смисла треба да предвидуваме прохрабро, порадикално по модерно, ако сакате и поцивилизациски мож- ности, возрасни односно стари лица да го отстапуваат својот имот и приход со договор, не да бидат социјални случаи туку во договор со уста- новата. Не треба да се плашиме ако домови за стари и други институции создаваат и свои имот. Државата си е држава, овие институции и сега две жиро сметки. Во тој правец нека се даде можност за вакви нешта, да

ги охрабриме. Не дека утре овие институции ќе имаат некои богатства. Тие богатства ќе бидат на сите нас, на државата, но овозможуваме на еден поинаков однос кон она што значи инвестирање за последните денов од животот да се поминат по хумано и поблагопријатно. Во тоа е суштината и затоа е одбегната замката дека мора да биде прескочен Центарот за социјална работа. Намерно е ставено во член 90 каде што точно се категоризира начинот и условот,со тоа што нагласката на установата за стари лица можеби утре нема да биде установа , ќе биде дом или компетенциите ќе бидат изменети. Важно останува во оваа свера да може да се направи договор за нешто што се нуди, а возврат се гарантира негова социјална сигурност до крајот на животот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

отворам претрес по амандманот на член 106 поднесен од Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Аце Коцевски, Слободан Даневски, Николина Трајановски, Илија Каров и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагачите го повлекуваат амандманот. Отворам претрес по амандманот на членот 108 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 124 став 2, за менување на алинеја 1 и на став 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

отворам претрес по амандманот на член 126,127 и 128 поднесен од пратеникот Славко Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Во општата расправа пратеникот ги спомна овие казни тие се усогласени со основниот Закон за прекршоци и од тие причини нема потреба од измени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Чапов , го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 127 став 1 алинеја 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 133 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во меѓувреме пратеникот Звонко Каров поднесе амандман на член 34 став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 1 поднесен од пратеникот Звонко Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Еднократната парична помош или помош во натура се доделува на лица и семејства кои се нашле во положба на социјален ризик заради претрпена природна непогода или епидемија, подолго лекување во здравствена установа или друга социјална криза.

Суштината на овој амандман беше допрецизирање, поjмот или друга социјална криза ја сврземе согласно член 4 каде што се регулира прашањето на основните социјални ризици, во смисла на социјален ризик, ризик по здравје болест, повреда, инвалидитет, ризик на стареење, ризик на мајчинство и семејство, ризик од невработеност и од неадаптираност кон социјалната средина.

Доколку суштината и образложението на министерот е дека по друга социјална криза се подразбира можност за интервенција плус основни социјални ризици од членот 4.

Го прифаќам образложението и амандманот го повлекувам

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за социјална заштита.

Минуваме на третата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на законот за избирачки места, со Предлог на закон.

Предлогот на законот со Предлогот на законот и извештаи- те на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

Има збор г-динот Горѓи Спасов, министер за правда.

XI/11.-

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван претседателе,почитувани господа пратеници,

Законот за избирачки места што денес Ви го предлагаме првиот од пакетот закони со кои Владата предлага да биде извршена из- мена на изборната регулатива во Република Македонија. Таа промена сака ме да биде во правец , да обезбедиме натамошна стабилност и демократски развој на РМ, повисока прифатливост на изборниот систем од страна на граѓаните и од страна на нивните политички партии, повисока мотивирано на граѓаните за учество на изборите и обезбедување на праведна застапеност на политичките партии во власта на РМ.

Во досегашната законска регулатива материјата за избирачките места беше регулирана во Законот за локални избори и Законот за избор на пратеници. Со овие закони постоеше можноста граѓаните да гласаат на разни избирачки места по разни поводи. Тој модел, меѓутоа при- донесуваше за пониска информираност на граѓаните во однос на избирачки те места на кои треба да гласаат и со зголемување на незадоволството на денот на изборите.

Законот што Владата го предлага денес им овозможува на граѓаните да гласаат на исто избирачко место и кога ќе избираат пра- теници во Собранието на РМ, претседател на републиката, членови на советите или градоначалници на советите на единиците на локалната самоуправа,како и кога ќе се изјаснуваат за референдум.

Оваа пракса во многу држави со развиена демократија се има покажано како успешна и особено обезбедува посигурен увид во изби- рачките списоци и полесно нивно ажурираше. Притоа сметавме дека ва- жен критериум за избирачкото место треба да биде бројот на избирачите и нивната просторна одалеченост. Законот обезбедува преку комбинација на овие два услови за»едно избирачко место да може бес потешкотии,во времето определено за гласање граѓаните од тоа избирачко место да го остварат своето избирачко право.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:** (продолжение)

Законот обезбедува преку комбинацијата на овие два услови на едно избирачко место да може без потешкотии во времето определено за гласање граѓаните од тоа избирачко место да го остварат своето избирачко право.

Заради прецизно упатување на граѓаните на местото определено за гласање и избегнување на можноста од нејасности на денот на изборите, со Законот се предвидува непосредно пред изборите објавување на описи на избирачки места на видно место, нивно објавување преку средствата за јавно информирање и истакнување на редниот број на избирачкото место на објектот и на просторијата каде што ќе се врши гласањето.

Несомнено дека при конципирањето на законот се водеше сметка просторијата во која ќе се врши гласањето да ги исполнува условите за лично, слободно и тајно гласање, што е во согласност со член 22 став 2 од Уставот на РМ.

Почитувани пратеници,

Со донесување на овој закон во скратена постапка ќе се овозможи на Владата да пристапи кон реализација на законската обврска за издавање избирачки легитимации и предлагање пакет на закони од изборната регулатива во најкус можен рок. Поголем дел од предложените амандмани од комисиите на Собранието на РМ се прифатени и ве поканувам овој закон денеска да биде усвоен.

Ви благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој бара збор?

Има збор, г-дин Беличев.

XII/2

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри.

Б идејќи до сега оваа материја беше регулирана во два позитивни законски прописи, Законот за локалните избори и Законот за избор на пратеници, веднаш ќе ви речам дека е позитивно што сега се предложи односно со одредбите предложени во овој закон се овозможува на единствен начин да се. регулира целокупната оваа материја.

Предложените решенија во овој Предлог за донесување на закон ќе значат утврдување на единствени критериуми како и постапка за определување и утврдување на избирачки места за избор на пратеници во Собранието, за избор на членови на Советот на единиците на локалната самоуправа и за изјаснување на референдум, согласно Законот за референдум.

На мислење сум дека со доенсвуањето на овој закон заедно со другите изборни закони, што претпоставувам се во тек на изработка, ќе се овозможи остварување на ефикасни слободни и демократски избори. Сметам дека овој Закон треба да се донесе во скратена постапка заради овозможување за запазување и ажурирање на роковите предвидени во него, а се однесуваат на времето потребно за изработка и објавување на нацртите на стручно-техничките описи на избирачките места.

Што се однесува до самиот текст односно содржината на Предлогот за донесување на законот, сметам за потребно да ги истак-нам следните мои мислења што се од искуствена природа, сакам да напомнам , коинцидираат со ставовите и мислењата на Комисијата за внатрешна политика и одбрана, а преточени во форма на амандмани, што , ако се прифати денес да се расправа во скратена верзија, значи

да се расправа и за предлогот на закон за избирачки места, тогаш ќе има можност по нив да расправаме.

Предвидениот број на 1.500 избирачи да гласаат на едно избирачко место во Предлогот на донесуваше на закон, членот 6 став 2 потребно е да се намали и предлагам тоа да биде 1.200 бирачи, со цел да се намалат одредени негативности, да се избегнат што ќе се јавуваат при гласање во вакви ситуации што ги имаме на теренот во изминатите претходни избори, а тоа е кога бројот на гласачите што треба да гласаат на одредено избирачко место е голем.

Ова, од причини, што со оглед на моделот што се заговара за избори, а тоа е мнозинскиот и пропорционалниот систем, претпоставка дека ќе имаме две гласачки ливчиња, со оглед на времето да се гласа што е потребно по едната а после по другата листа односно гласачко ливче, овде е потребно време што сигурно одреден број на гласачи, до колку е тој голем, не може да се оствари во предвидениот рок, односно до 19,00 часот навечер па ќе изискува или продолжуваше на времето или реагирање на одредени избирачи во смисла на откажување од гласање заради времето потребно за чекање од 1-2-3 часа.

Со овој предлог мислам дека исто така ќе се избегне"- создавање на турканици на избирачките места, расправи меѓу избирачите и тн.

Второто мое размислување е исто така во прилог на фактот да се овозможи што поголем број избирачи да го остварат своето право Уставно да бираат. Во таа смисла сметам дека со овој Предлог за донесување на закон треба да се предвиди дека избирачко место не може да се формира за населено место во кое живеат помалку од 10 избирачи, односно обратно пропорционално дека секаде каде што има

над десет бирачи би требале да формираме избирачко место со цел да се овозможи на тие бирачи да го остварат своето уставно право да гласаат односно да имаат еднакви услови со другите бирачи, бидејќи до колку нема бирачко место во населеното место ќе треба да одат во избирачко место оддалечено 3 односно 5 км. Мислам дека ќе се согласите со фактот дека тоа се претежно населени места во планинските региони каде што поради миграциите село-град од порано имаме население со поголема старост, повеќе години од 60-80 години и тие граѓани тешко да можат да си дозволат да можат да ја минат оваа должина за да го остварат правото на глас. Веројатно се работи за откажување од реализација на ова свое право, а со самото тоа на некој начин и индиректно ние ги оправдуваме овие граѓани во однос на другите гргани каде бирачките места ќе бидат во нивните средини на живеење, ќе бидат поблиски.

Мислам дека, во колку имаме податоци дека до 20 бирачи имаме населени места околу 70-80 во Македонија, ако се сведе на бројката до 10 бирачи, таа бројка може да биде 3-4 или пет песта, што е занемарлива и тогаш ќе дојдеме до една фактички реализација на секој граѓанин да му е достапен еден од условите, дека му се достапни еднакви условите за да може да се изјаснат.

Исто така сакам да го истакнам мислењето дека, што се однесува до Предлогот на законот, кутиите за гласање да бидат од цврст материјал, предлагам ова да се допрецизира во смисла да бидат од непрозирен материјал во смисла на обезбедување на потполна тајност во гласањето. Искуствено, мислам дека со овие кутии за гласање од цврст, тие што се членови на избирачките одбори имаат можност на некој начин да навлезат во тоа што претставува тајност и одредени граѓани можат да имаат реперкусии за нивното изјаснување.

XII/5

Со тоа. Не одам на тоа кутиите да бидат одозгора покриени, за да се оствари таа можност, тие имаат пред тоа гласачки материјал, што тој може да се остави, но да се провери дали кутиите се празни, тоа може, може да биде или некој друг материјал за да може оваа основан уважена висока определба или критериум на секој избор, а тоа е обезбедување тајност во гласањето.

На крајот, дозволете ми, да го изразам мислењето дека цврстата определба за избирачкото место да не смее да биде повеќе од 2 односно 3 км. од најоддалечените места во градот и градските населби или повеќе од 5 км. од местата во планинските, во селските населби, мое мислеше дека треба да биде уважено заради ставање на збор во правило. Ова од причини што во одредени региони може да се случи да не постои блиска населба на оваа оддалеченост и во тој случај Министерството за правда ќе се најде во една незгодна состојба да мора да определува гласачко место и подалеку од 5 км. или 3 км., а со самото тоа на некој начин да нанесува штета што ќе биде анахрона, односно спротивно на законот.

Ова да биде цврста определба, мислам дека заложбата моја да се стави по правило, ќе овозможи министерот во одредени ситуации, што мислам дека ќе бидат многу малку и исклучителни да можат да определат и гласачки места и на подалеку од местото на живеење.

За ова со одделни пратеници имаме поднесено амандмани и јас очекувам да се изјасниме позитивно.

Инаку, предлогот аз донесување на закон за избирачки места со Предлогот на закон го поддржувам во целост со образложението дека се работи за извонредно конципиран закон што ќе има голем придонес во нашите настојувања за обезбедување фер, демократски слободни избори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Митевски има збор.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани дами и господа пратеници,

Со разгледување на предлогот за донесување на закон за избирачки места, Парламентот заправо ја почна процедурата околу донесувањето на изборните закони. Дозволете ми да го искажам моето задоволство во врска со тој факт.

Верувам дека Владата на РМ наскоро ќе ги достави на разгледување и усвојување на Парламентот и другите неопходни закони, со што ќе се создадат неопходните услови за навремено закажување и успешно спроведување на наредните избори за пратеници во Собранието на РМ.

Од содржината на доставениот предлог за донесување на закон за избирачки места, како и содржината на самиот предлог на закон за избирачки места, може јасно да се види дека со донесувањето на овој закон се овозможува да се утврдат единствените избирачки места како за их=збор на пратеници во Собранието на РМ, така и за избор на претседател на РМ, избор на членови на советите на локалната самоуправа, градоначалниците на единиците на локалната самоуправа како и за гласање на референдуми.

Сметам дека таквиот приод на разрешување на проблемот на избирачките места е за поиздравување, бидејќи со тоа ќе се избегнат досегашните проблеми со определување на избирачките места. Имајќи го предвид сето тоа што е до сега наведено, дозволете ми да изјавам

дека ќе дадам поддршка и ќе гласам за Предлогот за донесување на закон за избирачки места.

Меѓутоа, слободен сум исто така да изјавам дека на Предлогот на закон за избирачки места имам извесни забелешки Некои од нив се од формален карактер, бидејќи со нив не се менува суштината, туку по мое мислење само се подобруваат формулациите на некои членови. Имено, како такви ги сметам за- белешките за членовите 1, 3 и 9. За нив тука нема да зборувам бидејќи тие во вид на амандмани се доставени до претседателот на Собранието, а и верувам дека вие веќе ги имате.

Забелешките на членовите 10, 11, 12, 14, 16 и 17 ги сметам како посуштествени, па дозволете за нив да кажам неколку зборови.

Во членот 10 став 2, како и членот 12 став 1, членот 16 став 1, и членот 17 став 1, 2 и 3 определените рокови за извршување на наведените задачи во тие членови од страна на надлежните органи сметам дека се кратки. Бидејќи од успешноста сметам дека од успешноста во извршувањето на поставените задачи во тие членови во многу зависи и успешноста и спроведувањето на изборите. Сметам дека предвидените рокови треба да се продолжат барем уште за 10 дена.

Искуството од досегашните избори покажува дека кусите рокови за извршуваше на некои дејствија во фазата на подготовки на изборите има негативен одраз врз успехот на самите избори.

Утврдувањето на бројот на избирачките места, описот на секое избирачко место со назначување на населеното место односно улиците и куќите,броеви што влегуваат во избирачкото место, и објектот за

гласање, и слично, го сметам како основно и фундаментално прашање за успешно извршување на изборите. Затоа предлагам тие да се продолжат.

Во членот 11, став 1, покрај другите органи надлежни за иницирање на промени на избирачкото место со доставување на предлог за определување на едно или повеќе избирачки места од постојните, како и со нивното пренумерирање се наведува учеството на МВР. Сметам дека тоа министерство не треба да има такви ингеренции и било какви други, непосредни со овој закон утврдени, па го молам предлагачот тоа да го земе предвид и изврши корекција на тој став во членот 11.

На крајот, останувајќи со надеж дека моите сугестии и забелешки ќе бидат прифатени и ќе придонесат кон подобрување на оформувањето на законот за избирачки места, ви благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за избирачки места.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

(42 пратеници)

XII/9

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Молам, за точен број присутни пратеници во салата.

Ве молам повикајте ги пратениците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предложениот заклучок, нека крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници гласаа за)

Дали има некој против?(3 против)

Дали некој се воздржува од гласање? /не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 6 став 2 и 3, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Шапурик поднесе амандмани на член 6 за бришење на став 2,на член 10 за менуван>е на став 1, на член 11, став : на член 12 за менување на став 2, на член 15, став 5 и за бришење ва членовите 16 и 17, по кој Владата на се произнела.

Комисиајта за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на член 6 став 2 и 3, член 15 став 6 и на член 17 за менување на став 2 по кој Владата не се произнела.

XIII/2.-

Пратеникот Драган Митевски поднесе амандмани за менување на член 1, за менување на член 3, на член 9, за менување на став 2, член 10 и став 2, член 12 став 1, член 16, член 17 став 1, 2 и 3, член 11, став 1 и на член 14 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Хисни Шакири, Зекир Кадриу, Сали Рамадани, Наџи Пурде и Рами Туда поднесоа амандман на член 7 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Љупчо Беличев, Мирко Иванов, и Петре Трајановски поднесоа амандман на член 7 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 поднесен од пратеникот Драган Митевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Митевски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3 поднесен од пратеникот Драган Митевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Спасов.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

За овој амандман се предлага појасна формулација на членот и во таа смисла се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

XIII/3.-

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Со овој амандман се предвидува бројот на избирачите на избирачко место да биде ограничен само на едно место да се избрише член 2 кој дозволуваше поголем број. Владата не го прифаќа со оглед на тоа што веќе има амандмани од две комисии, да се дозволи во ставот 2 бројот на избирачите на избирачко место да биде 1.200 места, кои што се прифатливи.

**ТИОТ ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за нека крена рака?

(3 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот

Отворам претрес по амандманот на член 6, став 2 и 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Овој амандман се прифаќа и во него е содржано она што е речено по исклучок дека можат да бидат на избирачка единица и до 1.200 места. Јас можам да ви кажам со досегашната распределба на ибзирачитие места, всушност само 4 изборни единици во внатрешноста од Републиката ќе имаат над 1.000 избирачи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот член 6 став 2 и 3 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Молам претставникот да се произнесе.

Г-динот Спасов.

Комисијата го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратениците Хисни Шакири, Зекир Кадриу, Сали Рамадани, Наџи Пурде и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. г-дин Горги Спасов.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Со овој амандман се предвидува, всушност да биде смален бројот на км. врз оснвоа на кои ќе се определуваат избирачките единици во двата става и не се прифаќа, со оглед на тоа што нашата анализа покажа дека сосема сегашната констелациија дозволува да имаме над 3.000 избирачки места во Републиката. Вие знаете во Републиката имаме само 200 места кои што имаат над 20 избирачи и 118 места кои што имаат помалку од 10 избирачи. Целокупната анализа ни покажува дека всушност со сегашниот модел на законот, само 16 места не ќе можат да се вклопат во сегашниот критериум, а само 6 места, кога ќе го сведиме тој број на помалку до 10 избирачи. Затоа, сметам дека она што е во Предлог законот е сосема прифатливо и ќе одговара на сите ибзриачи да бидат опфатени до најблиското место каде што им е избирачката единица и мислам дека тоа ќе биде сосема во ред за сите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Г-дин Поповски има деловничка интервенција.

**ЉУБОМИР ПОПОПОВСКИ:**

Јас се извинувам овој амандман од тој член став 2, го повлекуваме, во став 3  бројот 20 се заменува со бројот 10, не.

XIII/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

А тоа значи на член 6 од Комисијата за внатрешна политика и добрана.

Да завршиме со ова, значи, предлагачите на амандманот на член 7 го повлекуваат. Тогаш повторно се враќаме на член 6. Изменет амандманот од Комисијата за внатрешна политика и одбрана, го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Спасов.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Ова се прифаќа, со оглед на тоа што се предлага да биде избирачко место да се формира во населено место каде што е не помалку од 20, туку не помалку од 10. Јас спомнав дека такви избирачки места во целокупната Република имаме само 118 и дека всушност само 6 од нив се подалеку од 5 км. во селските населби и со вкупно 30 избирачи. Сметам дека тоа е најдобриот модел.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отвора претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратениците Љупчо Беличев, Мирко Иванов и Петре Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Г-дин Спасов.

Се извинувам, сакам да ве замолам, годпода имаме уште овој закон и неколку закони за ратификација. Ако немаме кворум, ќе мораме да се состанеме или утре или идната недела. Затоа, ве молам, за трпение да завршиме денес со седницата и идната недела да немаме седница.

Повелете г-дине Министре по однос на член 7 од пратениците Љупчо Беличев, Мирко Иванов и Петар Трајановски.

XIII/6.-

**ГОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман се прифаќа, бидејќи го внесува зборот "по правило", а тоа значи дека ќе ни овозможи овие 6 единствени избирачки места што се подалеку до 5 км. со вкупно 30 избирачи да ги вклопиме во Законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандинот на член 9 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Драган Митевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДРАНА МИТЕВСКИ:**

Го повлекувам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекува амандманот г.дин Митевски.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за менување на став 1 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Овој амандман не се прифаќа со оглед на тоа што бара со посебен закон да се донесе описот на избирачките места. Ние веќе на комисиите за политички систем и на другите објаснивме дека е многу подобро да го имаме она што е предложеното решение во текстот на Законот, затоа што да не мораме постојано да одиме да го менуваме Законот, за да се промени описот на избирачкото место. Сметаме дека е тоа една порационална процедура, која што ќе ни овозможи полесно да работиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1 пратеник гласаше за)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 2 поднесен од пратеникот Драган Митевски.

Го повлекува амандманот г-дин Митевски.

Отворам претрес по амандманот на член 11, став 1 поднесен од пратеникот Драган Митевски.

Го повлекува амандманот г-дин Митевски.

Отворам претрес по амандманот на член 11, став 3 поднесен од пратеникот Зоран Шапурик.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе, г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Бидејќи со овој амандман е содржан предлогот на Министерството за внатрешни работи нема влијание врз описот на избирачките места, го прифаќаме амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 1 поднесен од пратеникот Драган Митевски.

Го повлекува амандманот г-дин Митевски.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Зоран Шапурик.

XIII/8.-

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Спасов.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Со овој амандман се предлага Државната Изборна Комшија задолжително организирање и информирање на избирачите со објавување на описите на избирачките места во Печатот и во другите средства за јавно информирање. И ова го прифаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи, се прифаќа.

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 15, став 5 поднесен од пратеникот Зоран Шапурик.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Спасов.

**ГОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман, сакам само да ве потсетам, на кој што се инсистира сите избирачки кутии да бидат од посебно цврст материјал и проѕирни. Овој амандман се прифаќа. Пошто тоа е определба од Парламентот, ние го оставивме да реши самиот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 6 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Ве молам од Комисијата да се произнесете и тоа од Комисија за внатрешна политика и одбрана.

Дали останувате на амандманот, на член 15, став 6.

Молам г-дине министре повелете.

**ГОРГИ СТАПСОВ:**

Амандманот се прифаќа, бидејќи го заменува зборот "простори ите да бидат подобни", наместо тоа, да стојат зборовите "просториите да бидат со стручно технички уредени за заклучување".

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришеше на членовите 16, и 17, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Спасов.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа, бидејќи тој имаше смисла, доколку се прифаќање амандманот со закон да бидат донесени описите на избирачките места.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Двајца пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 поднесен од пратеникот Драган Митевски.

XIII/10.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Спасов.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Со Амандманот се бара увидот во описот на избирачките места од 15 да се зголеми на 25 дена и тоа се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1, 2 и 3 поднесен од пратеникот Драган Митевски.

Го повлекува амандманот г-дин Митевски.

Отворам претрес по амандманот на член 17 за менување на став 2 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Спасов.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 14 поднесен од пратеникот Драган Митевски.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Јас не излегувам толку често за да не можам колку да земам време, како некои други колеги.

Овде има една грешка, јас сум направил превид во член 11, став 1. Амандманот каде што се предлага да се брише Министерството

за внатрешни работи кое учествува при одредување на избирачките места, покренување на иницијатива, промена и тн. Сметам дека Министерството за внатрешни работи, .како што изнесов претходно во распра вата, не треба никакви ингиренции да има во изборот. А овој амандман 14 во кој што се додава, гласањето покрај на местата каде што се определени во член 14 да не се гласа каде што се сместени политичките партии, јас сум предложил "и објектите во просториите на Службите на Министерството за внатрешни работи". Затоа што од досегашната пракса имало и места во селските населби, каде што гласањето се обавувало и во такви простории на Министерството за внатрешни работи. Меѓутоа, во разговорот со министерот овој амандман го повлекувам, а останувам на амандманот 11, став 1.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тој се прифати.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на Законот Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака? (68 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан?/нема)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за избирачки места.

Минуваме на точка 4 .

Предлог за донесување на закон за ратификација на Конзуларната конвенција меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија, со Предлог на закон.

Предлогот за  донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени

односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Конзуларната конвенција меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија.

Кој е за, молам да крене рака? (65 )

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува до гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Конзуларната конвенција меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија.

XIV/2.-

Петта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за укинување на визи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната влада на Сојузна Република Југославија за укинување на визи.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (66

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува до гласање? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

XIV/3.-

Бидејќи никој не бара збор,^го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (не

Дали некој се воздржува од гласаше? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за укинување на визи.

Шеста точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Меѓународната конвенција за заштита на уметниците - изведувачи фонограмските продуценти и радиодифузните организации, Римска конвенција, со Предлог на закон.

Предлогот за донесуваше на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Меѓународната конвенција за заштита на уметниците - изведувачи и фонограмските продуценти и радиодифузните организаци Римска конвенција.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?(65)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. ЗПК поднесе амандман на член 3 став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Спасов.

**ГОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.
Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (не)"

Дали некој се воздржува од гласаше? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Меѓународната конвенција за заштита на уметниците - изведувачи фонограмските продуценти и радиодифузните организации , Римска конвенција.

Седма точка - Предлогот за донесуваше на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за соработка во областа на културата, образованието и спортот, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за соработка во областа на културата, образованието и спортот.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (6

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

XIV/6.-

Кој е за, молам да крене рака? (68)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузна Влада на Сојузна Република Југославија аз соработка во областа на културата, образованието и спортот.

Точка 8 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за преземање на обврските и репрограмирање на долговите кон странство на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

XIV/7.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за преземање на обврските и репрограмирање на долговите кон странство на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (69 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (

67 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање ? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1 и на член 2 по кои Владата не се произнела.

Амандмани на истите членови со иста содржина поднесе и Комисијата за надворешна политика.

Отворам претрес по Амандманот на член 1 поднесен од ЗПК и Комисијата за надворешна политика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Г-дин Спасов.

**ГОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа бидејќи се работи за усогласуваше со насловот на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од ЗПК и Комисијата за надворешна политика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Спасов има збор.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за преземање на обврските и репрограмирање на долговите кон странство на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

XIV/9.-

Точка 9 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за научна техничка соработка меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија, со Предлог на закон,.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за научно техничка соработка меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (65 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот. на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање ? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата за научно-техничка соработка меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија.

Точка 10 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Украинската Влада за трговска и економска соработка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Украинската Влада за трговска и економска соработка.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (66 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(67 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Украинската Влада з. трговска и економска соработка.

Точка 11 - Предлог за донесување на царинскиот закон

Предлог за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на царински закон.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака ? (66 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Точка 12 - Предлог за донесување на закон за празниците на Република Македонија.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работни тела на Собранието, како и мислењето на Владата на Република Македонија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Ивановски, предлагач на законот.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Дозволете ми во најкратки црти да го образложам Предлогот за донесување на законот за празниците на Република Македонија.

Предлогот за донесување на законот за празниците на Република Македонија што денес е предмет на расправа во Собранието сметам дека е еден од оние закони со кои покрај законите за државните симболи се изразува државноста и самобитноста на Република Македонија како самостојна и суверена држава. Тоа беше и основниот мотив да го предложам донесувањето на законот. При подготвувањето на овој закон настојував да обезбедам одбележување на оние датуми и настани кои го изразуваат историскиот континуитет во создавањето и градењето на државноста на Република Македонија и нејзината самобитност. Истовремено заради целосно уредување, а со ова прашање со закон да се предлага и да се одбележат и датумите и настаните кои во современиот свет се општо прифатени и се признаваат и од наша страна. Почитувајќи го уставното начело за слобода на вероисповеста на граѓаните на Република Македонија утврдени со член 19 од Уставот на Република Македонија со законот за прв пат се утврдува и односот спрема верските празници и начинот на нивното празнување без да навлегувам во премногу широка елаборација за содржината на предложениот закон кој што беше предмет на опстојна расправа и во работните тела на Собранието ќе се задржам само на основните сегменти од законот. Тргнувајќи од историското и државотворното значење на Илинденското востание од 1903 година и одржувањето на Првото заседание на АСНОМ 1944 година со предложениот закон 2 август се определува како ден на државноста на Република Македонија со што на овој датум се обезбедува најзначајното место меѓу другите државни празници во Предлогот на законот.

Исто така како државен празник предлагам да биде "8 септември"како ден на независноста кога македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија на 8 септември 1991 година плебисцитарно се изјаснија за самостојна и независна Република Македонија и "11 Октомври" како ден на Народното востание на Република Македонија. Во законот свое место добива и традиционално од светот признат и од нас празнувани значајните настани

Нова Година и Први мај како ден на трудот кои се празнуваат во поширокaта меѓународна заедница.

Почитувајќи ги верските чувства на македонскиот народ и на националностите во Републиката кои припаѓаат во различни вероисповести во законот се определува најзначајни верски празници и начинот на нивното празнување.

Почитувани пратеници. Иако овој закон по својот обем е краток, сепак по својата содржина е многу значаен за Република Македонија како држава за сите нејзини граѓани. На тоа укажува и интересот што беше изразен во расправата во работните тела на Собранието на Република Македонија во која беа дадени поголем број предлози, мислења и сугестии при што недвојбено беше констатацијата за потребата од што побрзо донесување на законот. При изготвувањето на Предлогот на законот ќе бидат земени во предвид искажаните мислења и сугестии на седниците на работните тела, а истовремено ќе бидат прибавени и мислења од соодветните научни и стручни институции меѓу кои МАНУ, Институт за национална историја и др. Очекувам, а во исто време искажувам и благодарност Собранието да го прифати Предлогот за донесување на законот. Во тоа име Ви благодарам на трпението и вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Вечерва во прв ред го поздравувам овој Предлог за донесување на закон затоа што е составен и предложен од каков, таков наш колега пратеник.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да го навредувате пратеникот.

Не може каков, таков пратеник, а ваш колега.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Да ви објаснам зошто. Знаете дека после распаѓањето на Сојузот за Македонија, а не знам дали е од СДС, или не, значи какви што се и другите. Тука нема навреда. Тоа не е никаква навреда. Неговата намера е добра, затоа и го поздравувам. Значи нашиот претседавач не дозволува и да му се заблагодари човек на еден пратеник. Значи јас пофапно се изразив, само вие не ме сфаќате, туку априори сте расположени да прекинете. Тоа е ваша работа. Јас сум пратеник со мандат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да навредувате пратеници, ве молам вие сте пратеник.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Па никој не навредува кога вели каков, таков, значи нема мандат како што ви реков и вие другите кои се од СДС, од Социјалистичката и од Либералната партија. Тоа е мое мислење. Излезете тука и кажете. Имате сега други проблеми со овој закон, па малку да ме изнервирате. Не, јас немам нервоза, само гласот малку ми е висок.

Прво намерата на предлагачот значи нема да го изменам мислењето и држењето мое и ставот, намерата е добра и за секоја пофапба. Иако доцниме со овој закон, тој требаше да се донесе многу порано, па така беше ќе предложи Владата, па од пратеникот беше предложени па некако се повлече и сега добро е што дојде. Подобро е сепак подоцна, отколку никогаш.

Што се однесува до моите забелешки како закон во прва фаза најверојатно ќе ја доживее втората фаза, па ќе биде разгледан и тогаш па и амандмани. Сепак мојата намера е добра и треба да се поздрави. Меѓутоа иако е пратеник единец најверојатно оваа материја не е толку обемна, не е толку широка и на еден концизен начин направил доста добри работи. Значи опфатил колку можел работи, датуми кои треба да

се прогласуваат како празници било тоа државни, или други, меѓутоа еден човек не може многу да направи, па има и во тие Комисиите некои забелешки дека има недостатоци. Најверојатно во втората фаза ќе биде подотеран, подобар, поефикасен, пооформен закон.

Што се однесува до државните празници денот на државноста на Република Македонија т.е. двострук празник "2 август" големиот празник Илинденски 1903 и вториот кој може на некој начин да биде и за цела Македонија, само за апбанците малку дискутабилно, значи "2 август" 1944 година, тоа е проблематичниот, дискутабилниот АСНОМ и за жал тоа исто е спорно, ниту местото на одржувањето сега не се наоѓа во Македонија, тоа е друга работа, затоа друг пат ќе разговараме. Тука сме мислам сложни сите, цело Собрание. Каков , таков овој празник исто така е заеднички. Верува некој, или не, јас го сфаќам исто така како празник на апбанците и како мој празник и на апбанците во цела Македонија. Да не одиме во некои историски и теориски работи, мислам за тоа беше збор и порано и од моја страна, значи славиме и тоа се гордеам јас што славиме и 1903 година и дискутабилно малку се некои резерви и 1944 година.

Друго, денот на независноста 8 септември за мене за нијанса е сепак поголем празник, повеќе го прифаќам, отколку тој дискутабилниот. Значи се согласувам потполно како со "2 август", така со 8 септември 1991 година денот на независност ана Република Македонија. Значи немам предрасуди.

Понатаму денот на Народното востание на Македонија. Не е тоа мое да го кажам тоа, туку во прв ред е прашање и проблем на историчарите, па и на другите и на цела Македонија. Исто така може да биде дискутабилно затоа што, дали требаше востание? Да, на 11 октомври, но какво востание? Сиромашниот македонски народ со сите националности од една стара турска, или пак крапевска Југославија, робија влезе во една друга која траеше полни 50 години. Тука не сме согласни сите нормално, затоа што борците бараат признание. Јас на правите борци и македонци и албанци и од оваа последнава војна им оддавам признание кои беа за Македонија, меѓутоа за жал нивните стремежи, барања, маки, крвта која течеше 4-5 години не се оствари. Значи од една робија на друга. Затоа за мене овој е некаков

полупразник барем за мене и мислам за поголемиот дел во Македонија Понатаму во овој состав кога се работи за државни празници, значи на некој начин заеднички празници со некои резерви и за македонски! народ и за албанската и другите националности за Македонија, значи со тие резерви потполно се согласувам . И да биде во ред понатаму, јас би гласал за овој закон како ретко за кој, би гласал условно. Меѓутоа кога се работи за рамноправноста, уставната, законската и со тие меѓународни конвенции кои ги предлагаше Владата тука, ги ратификуваше ова Собрание тука да сме можеби предлагачот не стигнал не му се јасни неколку работи затоа што имаше забелешки дека уште некои празници треба, не се наведени. Затоа оваа е прва фаза, па ќе бидат дополнети нормално. Значи кога сме тука и кога сакаме навистина да бидеме рамноправни, нешто фали и кај државните празници, Значи, тоа е поголемиот дел да речеме и така и си мисли можеби де] се празници на македонците, македонски празници, меѓутоа за среќа, или за жал во Македонија живеат и други народи , националности, народности, како сакате. И како што знаеме најголемата националност е албанската. Ќе беше подобро , во ред, како што е вообичаено, како што е веќе и традиција, како што се знае дека и оваа албанска националност било тоа како посебна националност има свои празници, било тоа во состав на целата, заедничката албанска нација на Балканот и пошироко. За албанците знае некој, или не, значи најголем празник, национален празник е 2 8 ноември и тоа уште од средниот век кога се одржа Сојузот на албанците и од тогаш се слави овој празник. Тоа е уште кога се ослободи целиот Балкан поголемиот дел со посебниот дел уште 1912 година. Значи истиот ден така се одреди како што се некако коинцидентно можеби и двата значи Илинден на 1903 и 1944 година АСНОМ, така доаѓа и кај нас албанците значи исто и Скендербег исто и 1912 година. Во исто време значи овој празник 28 ноември што јас

го предлагам сега во прва фаза да се инкорпорира во втората фаза на овој закон, значи е ден на знамето,националното знаме на албанците за кое беше збор. И на крајот знамето беше по тој закон, иако на рестриктивен начин тоа беше и дозволено. Значи сега веќе не е ни туѓо знаме ни на туѓа држава, туку е знаме на албанците. И така се договоривме и така треба да е. Предлагам предлагачот во втората фаза да го инкорпорира и овој празник значи 28-ми ноември билот тоа од стариот, или новиот, значи тој е исти ден , еден ден да биде државен празник. Тогаш албанците ќе се почувствуваат навистина рамноправни, еве и ние нешто имаме и тоа ќе го слават. Албанците го славеа со векови и кога некој пат во некои фази беше и забрането можеби во таа комунистичка бивша Југославија, меѓутоа луѓето славеа нормално заедно со знамето било тоа некој пат и скришно јавно, дома, било каде по светот. Тоа е прво.

Второ, албанците имаат исто така еден заеднички празник денот на учителот. Од турско време и така се слави. Само тоа би требало навистина и со закон да се санкционира, да се знае. Како ќе биде тоа дали ќе се работи, или не , можеби тоа е дискутабилно можеме да разговараме за тоа, затоа што и по овој предлог ќе ни бидат многу слободни денови . Јас многу на тоа не гледам дека ќе се одмараат повеќе , затоа што и би било барем по еден ден треба да се слави и да не се работи воопшто во Македонија. Па работиме ние другите денови, а вака ќе мислат денеска е празник , сепак работиме и се знае ефектот на самата работа каква ќе биде.

Што се однесува до другиот дел кога веќе нова година тоа е светски празник и никој нема против, порано беше два дена, дали ќе биде два, или еден сега веќе може да се скрати. Денот на трудот незнам колку е тоа исто за дискусија, меѓутоа некако остана како светски празник

тоа е први и втори мај два дена порано, можеме да разговараме за тоа колку беше на место тоа. Сега одиме кон запад сосема на друг начин . Можеби повеќе за време на социјалистичкото уредување се славеше, луѓето сакаа што помалку да работат, а да грабаат што повеќе.

Доаѓаме до верските празници. Народот има една храна, душевна храна и тоа со векови со традициите е тука. Да ви кажам искрено јас знам што е Божик, јас знам што е Велигден. Меѓутоа мене не ми е познато што е тоа денот на Благодарноста можеби како се поврзува, знам што е Рамазан Бајрам нормално, знам што е Курбан Бајрам бидејќи по потекло сум муслиман како што знаете. Меѓутоа до сега не сум знаел, знам дека има, не сум знаел што е тоа еврејски ден. Меѓутоа немам ништо против. Колку да има евреи во Македонија да се осетат малку за тој празник повеќе и ромите, јас незнам тоа е нивна работа, меѓутоа сепак се согласувам . Или пак за Гурѓовден тоа знам кој се вика уште и Хедрлес, значи на ромите им се дава таква можност, е добро. Меѓутоа може да има и други празници. Јас само што реков како државен празник во исто време освен 28-ми ноември за албанците за цела Македонија предлагам исто и денот 24.^111. 1910 година да биде, да се слави. Дали ќе се работи, или не, туку да се спомнува денот на најголемата скопјанка и најголемата светска мајка Гонџе Бојаџиу мајка Тереза. Тоа мислам дека ќе биде во ред и ќе навикнеме да ги славиме некои работи кои што ни доаѓаат како баук како тоа да дојде до таков предлог, па да барам информација за мајка Тереза. Ако ја цени цел свет, ја цениме и ние . За тоа има книги колку што сакате. Денеска баш една книга сакав да ви покажам да речеме од д-р Љур Џерџи, на албански неколку книги, на италијанск неколку томови од четири милиони енгзеплари, примероци и тн.

XV/8

Сега само една друга забелешка нормално тоа што беа некои забелешки од комисиите, не знам зошто не е тука и денот на жената, ден на детето, итн меѓутоа една разлика, сепак се прави некоја дискриминација и кај верските празници. Значи за поедини празници за тие првите кои се наведени , не е тоа важно дали е прв, втор или пети или шести празник, меѓутоа сепак разлика. За некои значи се деновите неработни денови, а за другите само да се изостанува од работата. Сега како ќе биде тоа дали ќе се работи или не , тоа е друга работа. Уште една забелешка кај овие муслиманските празници. Значи Рамазан Бајрам и Курбан Бајрам сакаме или не, тој Рамазан Бајрам, големиот Бајрам се слави кај муслиманите воопшто во целиот свет, кај албанците во Македонија исто така три дена.

**САЛИ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Како да му скратиш на муслиманот два дена во Македонија било да е Албанец, Турчин, Ром, а малиот Бајрам, т.е. Курбан Бајрам е пет дена и така и така децата не одат на училиште три дена, или воопшто не учат тие денови, па на некој начин да се најде, не би рекол дека не треба да се работи цела недела навистина само некој модус кој одговара кој е по адет, значи треба малку да се резонира рационално како за себе, па да им се влезе во душата и на тие луѓе од тоа потекло.

Значи, ова се некои забелешки добронамерни кои мислам во втората фаза предлагачот треба да ги има предвид и да се вклопат навистина да видиме во секој поглед било на државните или верските празници и другите да бидеме рамноправни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Милошевски.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, драги колеги пратеници, јас не мислев да зборувам за законот, меѓутоа, сум испровоциран од претходниот дискутант, па сакам да кажам неколку збора. Јас и сите вие трпеливо го слушавме овој никаков пратеник, пошто колегата Александар Ивановски, вечен, ваков или онаков, и морам да му кажам на драгиот колега по однос на анализа на заковот. За него проблематичниот Илинден, 2 Август 1944 година за мене и  за многумина граѓани на оваа држава не е

проблематичен, за него е сигурно проблематичен, затоа што тој јас не го познавам, тој на оваа говорница кажа дека во тоа време неговото семејство, тој е внук на некој си Џемо, така ми се причини, и така слушнав овде, пред неколку месеци во изречени зборови од оваа говорница, колку што знам низ историјата тој, неговиот претходник ги колел моите претходници затоа што родителите на еден од моите родители се двајцата загинати 1943 година. Еден мој вујко учесник во таа проблематична за него војна и тоа во неговиот крај, каде оперирал неговиот дедо, вујко, стрико, не знам што. За него е проблематичен и 11 Октомври, денот на револуцијата на македонскиот народ, за него е проблематичен затоа што во таа војна македонскиот народ влезе некој излезе како победник, некој како поразен и за поразениот сигурно ќе биде проблематичен.

Јас ќе го замолам сега овој почитуван колега пратеник затоа што зад него стои сигурно голема група македонски чесни граѓани кои не мислат како него можеби се каат што го дале гласот во 19 94 година за него, и сигурно се каат и би требало да се каат слушајќи ги неговите настапи на оваа говорница. Не може да ги навредува сите и да ја навредува целата македонска држава и не смее да сее со неговите радикални настапи и на неговата политичка партија која по неговиот избор беше формирана, да сее раздор меѓу македонските граѓани, меѓу Албанците етикетира како луѓе кои се непожелни за оваа држава. Албанците живееле овде на овие простори, се почитувани граѓани на оваа држава и се опишани во Уставот како такви. Со неговите настапи тој на неговите сонародници им нанесува само зло. Да биде несреќата уште поголема низ неговата дискусија и анализа на Законот за

државните празници на Македонија го навреди и етносот Ромите. Не знам по кој пат и вечерва пак. Згора на тоа, трагедијата да биде поголема, меѓу редови сака да протне федерализација на Македонија со наметнување на еден државен празник на една соседна држава да се празнува во нашата самостојна суверена Република Македонија. Јас немам ништо против и сигурно граѓаните на РМ и колегите пратеници тој колега го слави 28 ноември да го слави дома, Албанскиот народ да го слави тој празник во Албанија а државата РМ како да го слави тој празник на една пријателска држава. И да не ги анализирам другите празници кои тој овде сакаше да ги наметне, тоа не е страшно што тој ги предлага, туку е страшно другото што секоја негова дискусија на оваа говорница е да го негира постоењето на Република Македонија, нејзиниот суверенитет и нејзиното опстојување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Реплика г-динот Сали Рамадани.

**САПИ РАМАДАНИ:**

Да, реплика, но со кого? Значи, ни се појави човек со предрасуди, човек кој за цело време кога сум бил на говорница па и вечерва не прател што сум кажал мисли и рационално и цело време од кога сум три години во овој Парламент размислувал дека мојот вујко, татко, дедо или стрико ги убил неговите најблиски. Каско може тој рационално да мисли денеска тука, па јас да полемизирам.

Значи, со ова што беше речено вечерва овој уважен,  еве не е каков таков, туку прав пратеник, прав е ако сака така ќе му се обраќам зборува се за себе, а ништо ни за Македонија ни за Македонците, а камоли за другите националности Албанците. Јас ги навредив Ромите? Далеку од тоа. Жал ми е што имаме некои наши специфични проблеми од мојот електорат, од мојата националност што не можам да се зафатам и за Ромите па мислам кога ќе дојдат на ред. Знаеме како е нивната состојба, таа е катастрофална. Ако споредиме дали 10 или 100 пати полоша од Албанската. Но, како и со кого. Види сега значи да сум рекол нешто тука, еве ги стенограмите, против Ромите. Жалосно е тоа.

Друго, што мисли Македонија за ова што реков дискутабилно затоа што слушав, следев цело време и денеска и кога не бев некое време во салата, но ја следев седницата одат закони, одат ратификации, рафално. Наместо за секој закон, за секој предлог да се дискутира, опозицијата е мала и таа не е обединета, за жал од оваа страна, а за вас зошто да дискутирате за другите проблеми кога тие се предложени од вашата Влада. Не знам зошто излегувате по некој пат. Тоа е нормално, ваш сојуз, ваша партија, ваша Влада, ваше мнозинство и спиете нормално. Зошто да не. Меѓутоа, доаѓа има нешто, доаѓа нов состав, доаѓаат изборите, било предвремени што би сакал да бидат за еден месец било редовни не се многу далеку, колку да се пролонгира и во другиот состав едно 90% најмалку закони сите ќе ни се ревидираат повторно и сега што? Не би сакал да водам полемика понатаму ако е тоа што го реков дискутабилно знам дека зедов еден мал ризик, има работи кои не се на чисто, сепак јас следам како мисли Македонија а ова што

беше резервираност, дискутабилно, така мисли цела македонска опозиција. Тоа не е мое, ако речете цела опозиција, а не е богами толку мала. Видовте за време на локалните избори, па ќе видите повторно, а со таа опозиција нормално било со некоја соработка или не, јас сум на нивна страна и затоа ве молам ако случајно не сте согласни за тие дискутабилни датуми, било да се чисто македонски или заеднички, за цела Македонија, дајте еден референдум, па нека се праша цела Македонија што мисли.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Приврвшувајте, оти времето за реплика ви измина.

Има збор г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас мислам дека со Ромите не треба никој да манипулира , ни со ромското име. Ние во Македонија си имаме македонска држава, живееме во Македонија и оваа Македонија ни има дадено се што ни треба во Македонија, ги уживаме сите права во Македонија како секој граѓанин. За тоа не треба друг да размислува за нас, затоа што ние Ромите си имаме добиено своја националност единствени во светот што никој никаде на поднебјето не не признал како националност, а нас Македонија не има признато како националност Разни делегации доаѓаат сум им рекол дека сме секогаш два пратеника, кажуваме дека Македонија е рамноправна, Ромите рамноправно живеат во Македонија како секој граѓанин и ги поседуваме сите права во Македонија. Нам Ромите ништо не ни фали од такви работи, не треба никој да не жали, ние си имаме наша држава

Македонија, нашата држава мисли за нас нормално има свои пратеници свои застапници во Парламентот, нормално се знае овде ќе си ги решаваме нашите работи во склоп на Македонија, а некои со надворешни работи и со други работи не би сакал со Ромите да се изиграва и да ги поставува ромските прашања.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, оваа точка на дневен ред, Предлог за донесување на закон за празниците во Република Македонија, мислам дека не заслужува ваква расправа да се води. Јас давам поддршка на Предлогот за донесување на законот за празнувањата , за радостите на граѓаните на Македонија и во таа смисла на предлагачот му предлагам при изготвувањето на Предлогот на законот да ја има предвид и расправата на Комисијата на минатата седница за настани и личности и 31 декември да биде празник, голем празник , ден на создавањето на химната на Македонија. Таа химна за прв пат е испеана 31 декември 1941 година на дочек на Новата 19 42 година од млади револуционери во Струга. За тоа има историски докази, има историски документи и мислам дека химната како едно обележје на државата Македонија треба да биде односно да остане засекогаш како историски датум и да се празнува без да барам неработен ден. На тој ден сите ќе работиме и ќе се подготвуваме за дочек на Новата година, а зошто да но на секоја нова година да се испее химната на Македонија за граѓани на оваа држава.

XVI/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за празниците на Република Македонија.

2. Пратеникот Александар Ивановски ќе изготви и на Собранието на Република Македонија ќе му достави Предлог на закон за празниците на Република Македонија при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, забелешките на пратеникот Џеладин Мурати, укажувањата од расправата на седница на Собранието на Република Македонија и мислењата и предлозите на Владата на Република Македонија, надлежните министерства, Македонската Академија на науките и уметностите и одделни и научни и други научни институции.

3. Овој заклучок да се достави до пратеникот Александар Ивановски, Владата ка Република Македонија, Министерството за правда и Министерството за труд и социјална политика.

Да видиме колку пратеници има во салата, да видиме дали можеме да гласаме.

Во салата има 5 2 пратеника.

Според тоа, немаме кворум за одлучување. Ако им:. пратеници да причекаме.

XVI/8.-

Знам дека ја имаме уште оваа точка и завршуваме со Анкетната комисија и немаме друга точка на дневен ред.

Констатирам дека немаме услови за одлучување и со овие две преостанати точки ќе продолжиме на 8 октомври, пред почетокот на 77-та седница на Собранието.

(Седницата заврши со работа во 18,30 часот).